Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918
9 771857 891004

**Ордановски**
НАТО на сојузите не им верува



**Богојески**
Спокој



макс. дозволено 50 µg/m3
Кавадарци
49
µg/m3
PM 10
mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 1 | 18 |
| Охрид | 2 | 18 |
| Битола | 1 | 16 |
| Маврово | 0 | 15 |

**ЧЕТВРТОК 16 АПРИЛ 2020** | Број 1936 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

### Македонија во врвот според бројот на мртви од ковид-19

# Операцијата ни успева, пациенти ни умираат!

**Бројки** Според бројот на починати, Македонија е во самиот врв во регионот - повеќе починати на милион жители има само во Словенија, а на дното сме според бројот на излекувани и според бројот на тестирани граѓани.

**Тестови** Земјите каде што се прават повеќе тестови имаат и помала стапка на смртност, што се објаснува со тоа што заболените порано се изолираат и уште од почетокот на лекувањето има точна дијагноза. Споредено според бројот на направени тестови во регионот подобро стоиме само од Албанија.




Фотографија **ЕПА / Ѓорѓи Личовски**

## Во првата тура ќе проработат кафеаните, а кога ќе се патува во странство – кризата завршила

● Отворени кафулиња и кафеани, но со седење преку една маса, во „денска шема“, отворени обложувалници и повторно одење во молови, но проретчено и со дезинфекциски средства поставени на влезовите, е она, што според сегашните најави и размислувања, може да се очекува како прв знак на нормализирање на животот и враќање на економската активност во државата.

**Куманово**
Засилени тестирања, но засега без одлука за карантин

страница 3

**Полициски час**
Петнаесет илјади евра казни за тројцата жители на Ченто

страница 2

Интервју
**д-р Дејан Докиќ**
Грипот и короната имаат слични симптоми, но разликата е голема!

страница 14

**Експертска анализа**
Без ракување уште две години, додека ковид-19 не стане како грипот

страница 11

# Хроника

Засега успешно го менаџираме текот на епидемијата. Со линеарен раст на новопотврдени позитивни пациенти на Ковид-19, успеваме да го амортизираме здравствениот систем и да ги оптимизираме болничките капацитети и медицинскиот персонал. Пикот на епидемијата го очекуваме кон крајот на април или почетокот на мај.

**Венко Филипче, министер за здравство, во видео обраќање до амбасадорите на ЕУ**

**Епидемија** Македонија во врвот според бројот на мртви од ковид-19

# Операцијата ни успева, пациенти ни умираат!

**Мими Шушлеска Петкова**

Со новите шест смртни случаи од ковид-19, во земјава вкупната бројка на починати се искачи на 44. Од последните, четворица починаа на Клиниката за инфективни болести, на возраст од 61 до 65 години, а двајца во болницата „8 Септември“ на 59 и 67 години. По градови во Скопје има 7 починати, Куманово 12, Прилеп 3, Дебар 4, Струга 8, Тетово 4, Велес 3 и по еден во Штип и во Кочани.

Од Институтот за јавно здравје велат дека најголем број од регистрираните смртни случаи се на возраст над 60 години (7,8 на 100.000), но сепак во нивниот последен извештај нема податок колку се на возраст од 60 до 70 години, во која група најверојатно влегуваат и најголем број од пациентите заболени од коронавирус кои завршија фатално. Од вкупниот број починати 2,7 отсто се на возраст од 20 до 39 години, а 10,81 отсто на возраст од 40-59 години.

Од починатите, кај 32 односно кај 72,7 отсто се регистрирани коморбидитети, односно присуство на други хронични заболувања, кои исто така се можни причинители на смртта.

Во споредба со бројот на потврдени случаи, процентот на смртност кај нас е 4,8 отсто. Најголема стапка на смртност во однос на број на заболени има во Струга каде што на 43 заболени има 8 починати и во Тетово каде што на 34 заболени има 4 починати.

Од расположливите статистички податоци паѓа во очи дека многу е поголем бројот на починати мажи, кои во вкупната бројка влегуваат со 70,59 отсто, а жените со 29,41 отсто.

Од Институтот за јавно здравје информираат дека од 15 февруари до 13 април годинава се тестирани вкупно 9.262 материјали (детектирани 908 позитивни лица) во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2. Со ова во РС Македонија се направени 4.476 теста на секој милион жители.



**Бројки** Според бројот на починати, Македонија е во самиот врв во регионот - повеќе починати на милион жители има само во Словенија, а на дното сме според бројот на излекувани и според бројот на тестирани граѓани.

**Тестови** Земјите каде што се прават повеќе тестови, имаат и помала стапка на смртност, што се објаснува со тоа што заболените порано се изолираат и уште од почетокот на лекувањето има точна дијагноза. Споредено според бројот на направени тестови, во регионот подобро стоиме само од Албанија.

### Во регионот нема со што да се пофалиме

Бројот на починати кај нас изнесува 21 на милион жители и тој е многу поголем во однос на другите земјите од регионот, освен во Словенија каде што тој број исто е повисок, изнесува 27. Споредено со бројот на направени тестови, подобро стоиме само од Албанија. Во однос на излекувани пациенти кои кај нас се 86, подобри сме само од Бугарија, каде што има излекувани 81 пациент, но таму има и помал број заболени (735) и помал број починати (36) отколку кај нас.

Во Хрватска има 31 починат на 1.704 заболени или 8 на еден милион жители, што е драматично помалку отколку кај нас. Во Хрватска се извршени 18.539 тестирања (4.425 на секој милион од популацијата, приближно како и кај нас), а 415 пациенти се излекувани.

Во Словенија има 1.220 заболени, а откриени се со 35.946 тестирања. Бројот на починати е 56 случаи или 27 на милион жители. Во БиХ се регистрирани 1.083, на 12.407 направени тестови. Бројот на починати е 40 или 12 починати на милион жители. Имаат направено помалку тестови од нас, 3.785 на милион жители. Како излекувани се водат 236 пациенти.

Србија има откриено 4.465 заболени со 23.398 направени тестирања. Бројот на починати е 94 или 11 на милион жители. Излекувани се 400 заболени. Во Грција бројот на заболени е 2.145 заболени на 43.417 тестирани. Бројот на починати е 99 или 9 на милион жители. Излекувани се 269 пациенти.

Албанија има 475 заболени на 4.306 тестирани. Бројот на починати е 24 случаи или 8 на милион жители, а бројот на излекувани 248. Бугарија, пак, има 713 заболени на 18.502 направени тестови или 35 смртни случаи или 5 на милион жители. Излекувани се 81 пациент.

### Повеќе тестираат, имаат помали стапки на смртност

Ако се погледнат бројките, ќе се види дека земјите каде што се прават повеќе тестови, имаат и помала стапка на смртност, што се објаснува со тоа што заболените порано се изолираат и уште од почетокот на лекувањето има точна дијагноза како би можел да биде и најсоодветен пристапот во третманот.

Јужна Кореја е пример на земја каде што се тестира многу и бројот на починати на милион жители изнесува само 4. Вкупната бројка на заболени е 10.564 откриени со 527.438 направени тестови. Интересен пример е и Виетнам каде што нема ниту еден смртен случај, а направени се 121.821 тестирања и откриени се 266 заболени. Без смртен случај се и Фарските Острови, каде што на 48.497 жители се направени 5.602 тестови и откриени 184 заболени. Интересно во овој случај е што тестовите за коронавирусот се во лабораторија која првенствено се користи за тестирање на лосос од вирусни инфекции. Во Венецуела се направени 203.108 и има само 9 смртни случаи или 0,3 на милион жители, а вкупната бројка на заразени е 189. Во Словачка со направени 30.052 тестови и таму има 0,4 смртни случаи на милион жители.

## Филипче: Болеста има непредвидлив тек

• На прашањето зошто имаме голем број починати пациенти, кои најголем број и не се во групата над 70 години, министерот за здравство Венко Филипче вели дека болеста има непредвидлив тек, освен белите дробови ги напаѓа и сите други системи – ја напаѓа крвта, а страдаат и сите други органи.

- Анализиравме резултати и литература зошто е така, а консултиравме и други болници во светот. Така е секаде - смртноста изнесува 90, дури и 97 отсто кај тешките форми на болеста - изјави министерот за здравство Венко Филипче.

-Анализиравме резултати и литература зошто е така, а консултиравме и други болници во светот. Така е секаде – смртноста изнесува 90, дури и 97 отсто кај тешките форми на болеста – изјави министерот за здравство Венко Филипче.

**Полициски час.**

## Петнаесет илјади евра казна за тројцата жители на Ченто

• Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје поднесе предлог за определување казнен налог против три лица за кривично дело – непостапување според здравствените прописи за време на епидемија, информираат од ОЈО Скопје.

„Обвинетите на 13 април околу 22 часот, во скопски Сингелиќ биле затекнати надвор од нивните домови, без да поседуваат дозвола за движење, со што ја прекршиле Одлуката за забрана и посебен режим за движење на територијата на Република Северна Македонија“, соопштија од Обвинителството.

ОЈО предложи на тројцата обвинети да им изречат парични казни од 100 дневни глоби, а висината на една дневна глоба да биде определена на износ од 50 евра.

Во меѓувреме, по барање на ОЈО, МВР се обидува да ги идентификува останатите лица што на 13 април во знак на протест излегоа на улиците на Сингелиќ и го прекршија полицискиот час. Откако МВР ќе го документира целиот кривично-правен настан и ќе поднесе кривична пријава, Основното јавно обвинителство Скопје со приоритет ќе постапи според Законот за кривична постапка, се вели во соопштението на ОЈО.

**Уставен суд.**

## Нема да се оценува уставноста на распуштањето на парламентот

• Уставниот суд вчера одлучи да не поведе постапка за оценка на уставноста и законитоста на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Северна Македонија.

Од Уставниот суд информираат дека вчера на седница по обемна расправа по предметот, на крајот со мнозинство гласови е одлучено да не се поведе постапка за оценка на уставноста на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Северна Македонија.

Иницијативата беше поднесена од Светскиот македонски конгрес.

Апел од премиерот Оливер Спасовски.

# Црквите ќе бидат отворени, но прославете го Велигден дома

**Препорака** Ние немаме одлука за затворање на верските објекти и за непрактикување на верата, но апелирам до граѓаните Велигден да го прославиме во кругот на нашите семејства, така најбрзо ќе го победиме ова зло, вели Спасовски



↑ Фотографија **МИА**

Велигденските празници да ги прославиме дома, без групирања, порача премиерот Оливер Спасовски пред претстојниот христијански празник, за кој ќе важи продолжен полициски час, а црквите ќе бидат отворени во периодите кога движењето е дозволено.

Премиерот Спасовски им порача на граѓаните дека Владата не може да ги затвори верските храмови, но само со социјална дистанца и со седење дома може да се надмине заканата од коронавирусот.

- Да се почитува мерката да нема групирања и да останеме на социјална дистанца и за претстојните велигденски празници. Јас упатив порака и пред неколку денови, во која реков дека сега е моментот велигденските празници да ги прославиме дома, со нашите семејства и во нашата традиција. Ние немаме одлука за затворање на верските објекти и за непрактикување на верата. Тоа не може да се донесе. Во ниту една состојба, во која може да се најде државата, не може, затоа што тоа е право кое е неприкосновено. Меѓутоа, знаете дека имаме ставови, одлуки на МПЦ и ИВЗ што се однесуваат на почитувањето на мерките на државата за социјална дистанца. Апелирам до граѓаните за време на празникот да останеме дома, во кругот на нашите семејства. Така најбрзо ќе го победиме ова зло, односно ќе спречиме ширење на вирусот - рече вчера премиерот Спасовски.

Полицискиот час, односно забраната за движење за сите граѓани за претстојниот празничен викенд ќе важи од петок во 15 часот до вторник во 5 часот. Според министерот за здравство Венко Филипче, целосната рестрикција е неопходна заради стравувањето дека ако се дозволи движење, ќе биде тешко да се спречат собирите.

Деновиве црквите ги информираа верниците дека ќе бидат отворени во деновите и часовите кога нема да биде забрането движењето, а според препораките на Светската здравствена организација и владините мерки за справување со коронавирусот, литургиите ќе се одржат во црковните дворови. На верниците им е препорачано да држат растојание и да се заштитат со маска или шал преку лицето.

## Петок неработен за православните, понеделник за сите

• Петок 17 април, петок пред Велигден, е неработен ден за граѓаните верници од православна вероисповед, во согласност со Законот за празниците на РМ, соопшти Министерството за труд и социјална политика.

Неработен ден за сите граѓани на Република Северна Македонија е 20 април, понеделник, Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар.

Министерството за труд и социјална политика, на граѓаните од православна вероисповед им го честита големиот христијански празник Велигден.

## Во Куманово засилени тестирања, но засега без одлука за карантин

• Има повеќе барања за прогласување на карантин не само од Куманово, туку и од други градови од државата, но одлуките се носат врз основа на препораките на Комисијата за заразни болести и епидемиолозите, порача вчера премиерот Спасовски, кој заедно со вицепремиерот Бујар Османи и министри присуствуваа на седница на Општинскиот кризен штаб Куманово.

- Сите мерки што беа донесени се мерки врз основа на тие препораки, заради тоа што сметаме дека како Влада мораме пред се да ја слушнеме струката, тоа што го кажуваат лекарите, тоа што е најефикасно и во кој момент тоа треба да го правиме, да го направиме заеднички - изјави премиерот, одговарајќи на новинарски прашања дали ќе се прогласи карантин за Куманово.

- Донесовме и одлука на штабот за поинтезивно тестирање на здравствените работници воопшто за проширување на обемот на тестирарањата. Тука сме заедно со премиерот да ги разгледаме новите барања на општините и заеднички да ги усогласиме ставовите, како да ставиме стоп на патот на ширењето на болеста во Куманово, која што во моментов по број на жители има најголем број на заразени, а потоа тоа ќе го користиме и во другите општини – изјави вицепремиерот Османи.

ЕУ-Западен Балкан.

## Самитот ќе се одржи преку видеоконференција

**Мишел истакна дека нема никаков проблем што се одложија парламентарните избори во Северна Македонија поради пандемијата, но испрати порака до владите во регионот дека здравствената криза не смее да ги забави или да ги запре реформските напори потребни за членство во ЕУ.**

Самитот ЕУ-Западен Балкан, кој требаше да се одржи во мај, не се откажува, информираше вчера претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел, на вчерашната прес-конференција во Брисел, јави дописничката на МИА од Брисел.

- Планираме во наредните недели да го одржиме самитот во форма на видеоконференција, по консултации со хрватското претседателство, за да ѝ дадеме поттик на соработката со регионот - изјави Мишел.

Тој истакна нема никаков проблем што се одложија парламентарните избори во Северна Македонија поради пандемијата, но испрати порака до владите во регионот дека здравствената криза не смее да ги забави или да ги запре реформските напори потребни за членство во ЕУ.

Претседателот на Европскиот совет објасни дека одложувањето на закажани изборни циклуси во Северна Македонија или каде било на друго место е оправдана одлука со оглед на санитарните ризици.

На прашање за строгите мерки за полициски час и карантин во



↑ **Шарл Мишел**

повеќе земји од регионот, кој се предмет на критика од страна на граѓанското општество, претседателот на Европскиот совет не даде директен одговор, но потсети дека правилата на ЕУ за владеење на правото продолжуваат да важат и додека трае кризата, посебно за Северна Македонија и Албанија, кои треба наскоро да ги почнат преговорите за членство во ЕУ.

- Силната, јасна и недвосмислена политичка порака што ја испраќаме е нашата преокупација со владеењето на правото и почитувањето на принципот на слободите, тоа е важен дел од нашето дејство во овој регион - изјави Мишел, додавајќи дека ЕУ се ангажира и да му помогне економски на регионот да ја надмине оваа криза.

Претседателот на Европскиот совет рече дека неодамна разговарал и со македонскиот претседател Стево Пендаровски околу одлуката за одложување на изборите и смета дека со оглед на поддршката од сите политички партии за ова одложување, тоа не претставува никаков демократски проблем.

Коронавирус.

## Нови 66 случаи, 12 пациенти оздравеа

• Најновата бројка на заразени со коронавирус во земјава е 974 лица. Изминатото деноноќие се направени 500 теста. Позитивен е резултатот од тестот на ковид за пациентка, 76 годишна жена, која починала пред три дена во болницата 8 Септември во Скопје. Пациентката била хоспитализирана и имала симптоми.

Дванаесет пациенти кои биле на домашно лекување оздравеле и имаат два негативни контролни теста. Потврдени се нови 66 случаи на вирусот и тоа 10 од Скопје, 27 од Куманово, тројца од Штип, четворица од Прилеп, петмина од Тетово, четворица од Струга, двајца од Велес, петмина од Охрид, еден од Гостивар, тројца од Кочани и двајца од Неготино. Во изминатото деноноќие направени се 500 теста.

**Засилени мерки** Откако се „изгореа“ со лекарот во Демир Хисар

# Психијатриските установи дуваат и на јогуртот

**Мирослава Бурнс**

Заштитните протоколи во сите психијатриски установи во земјава се издигнати на највисоко можно ниво, а безбедносните мерки засилени, откако пред десетина дена во психијатриската болница во Демир Хисар со коронавирус се зарази доктор специјалист.

Иако тестовите на седуммина колеги на лекарот од Демир Хисар се покажаа негативни, а нема ниту еден пациент сомнителен на коронавирус, мерките на претпазливост во оваа установа се засилени. Слично е и во психијатриската болница во Бардовци, во трите дневни центри и во центарот за зависници во Кисела Вода, каде што засега нема дијагностицирано ниту еден пациент со коронавирус. Само во болницата во Бардовци бил тестиран еден пациент, кој имал висока температура, што предизвикало вознемиреност кај вработените и кај пациентите, но резултатите покажале дека нема коронавирус.

На влезот од двете институции на сите им се мери температура, им се прави епидемиолошки прашалник, има намален интензитет на приеми, но сепак има и пациенти кои неодложно мора да добијат третман. Медицинскиот кадар е поделен во групи кои ротираат на секои 14 дена. За 360 вработени во трите дневни центри и во центарот за зависници во Кисела Вода се обезбедени заштитна опрема од скафандери, очила, маски, ракавици и каљачи. Подготвени се и посебни соби за изолација ако се појави случај на коронавирус.



**Ризични** Засега немаме ниту еден случај со коронавирус. Многу внимаваме, бидејќи работиме со посебна категорија пациенти и нема да биде лесно да се справиме со ситуацијата ако нешто такво ни се случи – вели Ковачи, директор на болницата во Бардовци.

**Олеснувачки** Во Психијатриската болница Демир Хисар, каде што беше регистриран лекар специјалист позитивен на коронавирус, сите завршени резултати на медицинскиот персонал се негативни.

Приемот на пациентите во болницата во Демир Хисар е ограничен, но не е запрен, велат надлежните. Некои нови пациенти превентивно се ставаат во изолациски дел, по што се распредуваат по одделенија. Досега ниту еден пациент што бил примен, немал покачена температура или други симптоми на коронавирус. Сепак, тешко прашање е како на пациентите да им се овозможи препорачаната социјална дистанца во ограничен простор.

- Што да се направи со група во која има по 20 луѓе? Имаме адолесценти, психијатриско одделение и судско одделение. Сите се информирани, имаат телевизори, знаат што се случува и мерките на безбедност се на највисоко ниво. Ние бевме во изолација и направивме тестови. Досега осум луѓе се негативни. Двајца лекари специјалисти и пет специјализанти си ги повлековме назад. Го зголемивме снабдувањето со заштитни средства, маски, визири, ракавици. Во исто време имаме и шивална каде што тројца наши вработени самите изработуваат маски од наш материјал - вели Татјана Лозановска, директорка на оваа болница.

Директорот на Психијатриската болница во Бардовци, Ќамил Ковачи, вели дека засега во оваа институција нема случаи на коронавирус.

- Многу внимаваме, бидејќи работиме со посебна категорија пациенти и нема да биде лесно да се справиме ако нешто такво се случи. Имаме 350 пациенти кои се станари и секогаш биле кај нас и остануваат кај нас. Не направивме обид некого да испишеме. Сместени се во одделенија, од 20 до 40 пациенти по одделение. На секој влез во болницата се мери температура и се пополнува епидемиолошки тест за секој пациент и негов придружник. Се гледа дека има страв и меѓу пациентите и забележувам дека повеќе ги почитуваат нашите мерки, на пример да има помало движење надвор, или да се почитува куќниот ред, така што досега е мирно и немаме сериозен проблем. Имавме примено зависник за кој побаравме да се направи тест за коронавирус бидејќи при приемот имаше температура 36 со 5 или 37 степени и тоа создаде паника меѓу вработените. Излезе негативен, 14 дена немаше симптоми и сега е испишан - ни рече директорот Ковачи.

> **Се гледа дека има страв и меѓу пациентите и забележувам дека повеќе ги почитуваат нашите мерки, на пример да има помало движење надвор или да се почитува куќниот ред, така што досега е мирно и немаме сериозен проблем.**
>
> **Ќамил Ковачи, директор на психијатриската болница во Бардовци**

**Родителско право** Министерството за труд и социјала потсетува

# Ако поранешниот партнер не ви дава да си го видите детето, пријавете го!

**Доколку на еден од родителите му е оневозможено да го гледа детето, под изговор од опасноста од коронавирусот, Министерството повикува родителот да се обрати во некој од центрите за социјална работа.**

**Елизабета Дамјаноска-Спасеновска**

Во услови на пандемија од коронавирусот, Министерството за труд и социјална политика апелираше до родителите за повисока свест и подготвеност за договор за начинот на одржување на контактите на децата со родителот со кого не живеат, а со цел децата да не бидат изложени на опасностите што со себе ги носи оваа пандемија.

- Донесените решенија на центрите за социјална работа со кои се регулира начинот на одржување на контактите на детето со родителот со кого не живее се во сила и тие се применуваат секогаш кога постојат услови за реализирање на видувањата, без да постои ризик за децата и на заедничка одговорност на двајцата родители – велат од Министерството.

Доколку на еден од родителите му е оневозможено да го гледа детето, под изговор од опасноста од коронавирусот, Министерството повикува родителот да се обрати во некој од Центрите за социјална работа.



↑ **Откако почна пандемијава, не сум го видел син ми – вели скопјанецот Васко Стојановски**

Непријатно искуство и неуспех да се постигне договор да го види сопственото дете има скопјанецот Васко Стојановски, кој откако почна вонредната состојба предизвикана од коронавирусот, го нема видено осумгодишниот син. Дополнителна тешкотија, според него, е тоа што детето живеело со таткото шест години и сега му е исклучително тешко што не може да го види.

- Откако почна пандемијава, не сум го видел син ми. Тешко ни е на двајцата, но јас не сум важен. Мене ми е тешко што детето страда. Тој е навикнат да биде со мене. Јас му бев старател шест години, а потоа ѝ го доделија на мајката. Детето сака да дојде кај мене, да ме види, но мајка му ја користи ситуацијата со коронава и не дозволува. Со неа не можам да постигнам договор, таа воопшто не го пушта да излезе надвор. Трипати бев во Центарот за социјални работи, ми велат поднесете жалба дека не ви го дава детето. Имам поднесено жалби до полициска станица Аеродром, досега немам одговор - вели Стојановски.

Од Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ велат дека во практика тешко се спроведува споделеното заедничко родителство. Со тоа на околу 15 илјади деца директно им се нарушува едно од основните детски права - правото на контакт со двата родитела. Тие потсетуваат дека според Резолуцијата на Советот на Европа, интересите на децата не смеат да се стават во втор план.

Не дека нема хумани луѓе. Не дека не помагаат.
Но инстант-хуманоста не е маска за затскривање на валканите сурати!

**Веле Митаноски**

# Трибина

**ТОП TWEET**



**Божидар Божиновски**
Плочките во чаршија не биле доволно стари. По таа логика, „Скопје 2014“ не е проблем зашто на тие места пред то имаше само воздух.



**Срѓан Ивановиќ**
Жителите на Ченто се собрале за да ја поздрават пожртвуваноста на полицијата во овие тешки моменти



**Ѕвездан Георгиевски**
Врв на оптимизам: си извадив зелен картон, а вчера се сликав за пасош.

**Избор колумни.**

# НАТО на солзите не им верува



**Сашо Ордановски**
Цивил медија

Да нема забуни, НАТО не е, освен воена, и политичка алијанса која верува дека со гушење на демократијата кај своите членки ќе ги авансира своите интереси. Ама не се ни будали за да не знаат со кого, „од каршија“, си имаат работа.

Веста гласи вака: НАТО формира тим за борба со хибридни закани во Северна Македонија, откако лажните вести и дезинформациите на Русија и Кина зедоа голем замав со кризата на пандемијата од коронавирус во Западен Балкан - изјавила за МИА амбасадорката на САД во Алијансата, Кеј Бејли Хачинсон. Оценката на Алијансата е дека нашата држава „е посебна цел на кампањата на дезинформации, организирана од Кремљ“. И Црна Гора е таргетирана на сличен начин, каде што веќе е распореден тим за идентификување и контрамерки на овој вид на напади.

Ако памтите, пред отприлика еден месец, и претседателот Пендаровски на прес-конференција кажа дека во Македонија, покрај вирусната, има и „епидемија на лажни вести кои креваат паника кај населението“, појаснувајќи дека „нашите надлежни служби детектираа неколку обиди за планско ширење лажни вести“ - „не се работи за незнаење, туку за организирано и планско дејствување, со цел дополнително да се влоши ситуацијата и да се изгуби вербата во институциите“, заклучи во таа прилика македонскиот претседател.

За да нема забуни, кога во НАТО зборуваат за создавање посебен тим во Македонија за борба со „хибридни закани“ на кои е изложена земјата, во тоа не влегуваат само контрирањата на класичните пропагандни активности низ медиумите насочени против интересите на Алијансата. Тоа е можеби и најмалиот, а најлесно видлив дел од работата, како едно романтично потсетување на 20. век. Напротив, современите одговори на овие непријателски дејствувања подразбираат покренување на комплексен систем од контраразузнавачки мерки, финансиски истраги, технолошки решенија, комуникациски следења и, воопшто, опсежни анализи на огромен број податоци со кои се идентификуваат, се систематизираат, се анализираат, а потоа и се елиминираат таквите хибридни закани. Да, да, баш како од сценаријата на шпионските трилери од холивудската продукција.

Во Македонија постојат повеќе политички и пропагандни центри на моќ - настрана неброени поединци, кои имаат демократско право да си мислат што си сакаат - кои и денес не разбираат дека членството на Македонија во најголемата воена алијанса на планетава не е исто како зачленување во некое селско ловџиско друштво. Алијансата е огромен систем - пари, луѓе, стратегија на дејствување, оперативни планови, механизми и институции, со КОМАНДНА одговорност - кој работи 24/7 за да ги заштити своите, нашите интереси.

Тоа е така, бидејќи и од „другата страна“ стои сличен таков систем, за авансирање на неговите геополитички интереси. И тие работат 24/7, без пардон.

Што ќе значи ова за Македонија во практична смисла?

Најнапред, да немате сомневање, кога веќе и официјално се објави формирањето на овој тим за борба против „хибридните закани“, тоа значи дека е завршен процесот за лоцирање и детална анализа на „адресите“ од кои се водат овие антизападни операции во и надвор од земјава.

Следствено, претпоставувам дека ќе секнат парите кои досега „слободно“ се дистрибуираа, по официјални и неофицијални канали за финансирање на ваквите активности. Некои луѓе (лукративни, наивни, занесени, изманипулирани или „расплакани“ со балалајките за бескрајните руски степи) љубезно ќе бидат замолени да престанат со организирање или лично дистрибуирање на дезинформирачките кампањи против интересите на државата. Некои други луѓе деликатно ќе бидат предупредени да ја прекинат политичката поддршка за ваквите антизападни центри на пропаганда и други видови на непријателско - тоа е точниот термин - дејствување.

Да нема забуни, НАТО не е, освен воена, и политичка алијанса која верува дека со гушење на демократијата кај своите членки ќе ги авансира своите интереси. Ама не се ни будали за да не знаат со кого, „од каршија“, си имаат работа.

**Став.**



↓**Бранимир Јовановиќ**

# Како да се заштитат работниците и сиромашните

• Паричен надоместок за невработени во кризава да можат да остварат и лица на кои работниот однос им престанал поради сопствена изјава, спогодбено или поради наводно нарушување на дисциплината. Многу работници изминативе недели беа измамени од работодавачите и работниот однос им беше прекинат на овој начин и Владата сега мора да ги заштити и овие работници.

• Бремените жени на кои не им се продолжени договорите за работа или потпишале спогодбен отказ, да се стекнат со право на платено породилно отсуство од државата.

• Да не се дава финансиска поддршка на фирми кои имаат отпуштено работници од почетокот на кризата, односно, од почетокот на март. Многу фирми отпуштија работници во изминативе недели, но сега повторно можат да добијат државна помош, и покрај отпуштањата.

• Владата да донесе уредба дека платите на работниците нема да може да се намалуваат повеќе од 20 отсто за време на оваа криза, како што е дефинирано со Општиот колективен договор за приватниот сектор, и никако под нивото на минималната плата. Изминативе недели, многу фирми ги намалуваа платите за дури 50 отсто, повикувајќи се на „виша сила“, што е незаконски.

• Да се обезбеди заштита на прекарните работници (хонорарци, фриленсери итн.), кои се најнесигурната категорија работници и немаат речиси никакво социјално ниту здравствено осигурување. Овие работници, по примерот на самостојните уметници и спортистите, да добиваат финансиска поддршка за месеците април и мај 2020 година, во месечен износ од 14.500 денари.

• Да се забрани пресметување камати за времетраењето на кризата од банките, штедилниците, финансиските друштва и извршителите, односно да се спречи претходно наведените субјекти да профитираат во оваа криза на грбот на сиромашните.

• Да се поништи уредбата за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредната состојба, затоа што вакви додатоци и надоместоци примаат работниците кои работат и во ова време, и без кои државата би крахирала во кризава (инспектори, пожарникари, медиумски работници, шумска полиција, железничари и сл.).

• Одредбите за користење на неискористениот дел од годишниот одмор за 2019 година и на делот од годишниот одмор за 2020 година, да се однесуваат на сите работници, а не само на работниците опфатени со времените мерки за заштита од ширење и превенција од коронавирусот. Со ова ќе се обезбеди зачувување на работните места и ќе се спречи да се намалат платите на работниците.

• Државните служби (Трудова инспекција, Агенција за вработување, УЈП) поефикасно да реагираат за да се спречат злоупотреби за време на кризава при спогодбени откази, откази од страна на работодавачи и сл. Државните служби да иницираат постапки за утврдување одговорност при евентуални кривични злоупотреби од работодавачи во врска со спогодбените и другите откази на работници од изминативе недели.

**Барањата на 10 синдикати и граѓански здруженија, за заштита на работниците и сиромашните во кризава, кои беа доставени до Владата и беа речиси целосно игнорирани од медиумите.**

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 15.4.2020 | **Тираж: 7.250 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**
Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ,**
**СРЃАН ИВАНОВИЌ,**
**МИТКО БИЛЈАНОСКИ,**
**КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**
Лектор **ВИОЛЕТА**
**КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА,**
**ВИОЛЕТА КОСТОВСКА,**
**ИВАНА НИКОЛОВСКА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)

**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ 078 337 388**
**АНЕТА ПАРМАЧКА 071 744 688**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

СТАВ



Петар Богојески

# Спокој



Заслужуваме ли спокој? Секако да! Тогаш да се зафатиме за работа и да го внесеме тој спокој во нашите живови. Треба многу напор, многу труд, зашто спокојот е нарушен од многу фактори, но не е невозможно. Сè е возможно и за сè има решение.

Пред да ни дојде оваа пандемија, ние немавме спокој. Како да не сакавме да го имаме. Инсистираме на заговор против нас и против нашата држава, кој ни доаѓа однадвор, упорно и упорно, вредно работејќи да измислиме надворешен непријател, кој само што не нè уништил, со цел да го сокриеме домашниот квазипријател. Некои го нарекуваат квазипатриот. Поверуваа мнозина во тој надворешен непријател и тој пријател-патриот, па западнаа во живот без спокој. Секој ден да се бориш со измислен непријател, не е лесна работа. Таа борба нема крај, никогаш нема да победиш, а лажниот пријател веќе се погрижил животот да ти се претвори во пекол. Домот го направил пекол. Татковината ја разорил до тој степен, до непрепознавање за самите нас. А дел од нас, упорно се борат со надворешниот душман.

Домашниот квазипријател донесе сиромаштија. Донесе болест. Донесе неизвесност за животот. Тоа што човек не знае што ќе прави утре, како ќе преживее утре, дали ќе обезбеди леб за своите деца, дали ќе може да ги плати сметките за струја и вода за следниот месец, дали ќе обезбеди за кирија, да продолжи со гранапчето да работи и леб да извади?!? Сето тоа нè остава без спокој. Е тоа е драги пријатели вистинскиот непријател, и надворешен и домашен. Токму тој домашен квазипријател, кој нè доведе до ваква состојба, е всушност вистинскиот непријател. Не е оној надворешниот што ни го измислија. Да се завртиме кон себеси, кон домот, кон сопствениот бизнис, кон сопственото семејство, кон сопствената држава и да се соочиме со вистината која прави да живееме без спокој. Таа неизвесност од непознатото утре, таа не остава без сон. Таа е причина што покажуваме нервоза и на најмала ситница, нетрпеливост кон сè што е нормално да се случува. Неизвесното утре е вистинскиот непријател.

На сето ова, недостигаше уште пандемијата. Ние и онака сме склони кон теории за сè и сешто, дополнително се посветивме да ги разрешиме светските дилеми за коронава. Не си ги гледаме маките по дома, ние решаваме туѓи дилеми. Вистината е една, дека оваа пандемија ќе донесе сиромаштија, сиромаштија во нашите животи. И онака бевме сиромашна држава, со слаба економија. Згора, немаштијата која доаѓа е причина плус за дополнителен неспокој. Неизвесноста од проширување на болеста и опасноста за нови жртви од неа, дополнета со уште понеизвесно утре во услови на голема немаштија, е веќе причина за огромна загриженост. Причина за мобилизација на сите во општеството. Спокојот е целосно нарушен.

Може да наброиме уште десетици фактори што го нарушуваат нашиот спокој. Но како да дојдеме до тој спокој? Тоа е најтешкото. Тоа е нашиот предизвик. Тоа е она кое го нарекуваме нормална држава, во која царува спокојот.

Состојба на делумен спокој можеме да постигнеме доколку се завртиме самите кон себе. Доколку научиме да си го организираме животот, да избегнуваме причинители на бунило, нервоза и неистрајност. Оставете ги тие приказни за светски заговори, нешто што од нас не зависи и не можеме да го решиме. Мора да научиме да почитуваме воспоставен ред, да прифаќаме укажувања и да почитуваме авторитет, кој извира од наука и знаење. Ние се поклонуваме на лажниот авторитет на политичките деспоти во земјава, но затоа пак сме научници за сè и знаеме повеќе од сите доктори, инженери... знаеме сè, само не знаеме да си го организираме сопствениот живот!

Првата мерка која ја предлагам во оваа област е промена на состојбата на умот и разумот. На тој начин ќе станеме рационални и самокритични. Ќе можеме многу реално да ги согледаме вистинските причинители на чувството на недостаток на спокој, а со тоа и многу лесно да ги отстраниме. Токму тука стои причината зошто во ова време невреме, се занимаваме со 5Г-непријател, со светски корона-заговор, со сокриени конвои на мигранти кои, замислете, дел останале во Македонија, а ние никако да ги видиме и кога нема полициски час?!? Од дрвото не ја гледаме шумата.

Спокој е кога имаме акушерска клиника на која ѝ веруваме и таму го добиваме најголемиот дар на светот. Спокој е кога имаме здравствен систем, кој е грижлив за нас во текот на целиот наш живот. Спокој е кога знаеме дека имаме училишта и универзитети кои со сигурност ќе ги описменат нашите деца. И тоа бесплатно. Тоа да биде дофатливо за нас. Наше е само грижливо да ги упатиме на школување. Спокој е кога државата обезбедила извесни услови за развој на бизнис. Кога се знае што е за нас, а што за државата. Кога се знае кои даноци и која регулатива треба да ги испочитуваме. Да не се менуваат секоја недела, по желба на поединци. Спокој е кога имаме сигурност на работното место, кога тоа не зависи од политичката гарнитура која управува со државата. Спокој е кога имаме пристап до евтини пари, кои можеме да ги инвестираме по слободно убедување и да оствариме сигурни приходи за нормален живот за нас и нашето семејство. Спокој е кога знаеме дека на стари години, државата кој воспоставила систем за грижа, ќе се грижи за достојна старост на секој од нас.

Сето ова со еден збор се нарекува извесен живот. Спокој е кога имаме извесен живот. А живееме во секојдневна неизвесност. Токму тоа е нашата обврска, животот да го направиме извесен. Во нормална држава, животот е извесен и спокоен. Да ја направиме!

**Спокој е кога имаме извесен живот. А живееме во секојдневна неизвесност. Токму тоа е нашата обврска, животот да го направиме извесен. Во нормална држава, животот е извесен и спокоен. Да ја направиме!**

# Дискретниот шарм на патријархалниот авторитаризам



Мирјана Најчевска

Граѓаните на Република Северна Македонија влегоа во кризата предизвикана од прогласената пандемија на ковид-19 во услови на тукуштo зачнатата „постгруевистичка“ демократија, сè уште потполно партизирани институции, сè уште корумпирано судство и Уставен суд, маргинализирани и/или корумпирани заштитни механизми и сè уште во голема мера заробени медиуми.

За ситуацијата да биде уште полоша Собранието на државата стана заложник на незнаењето и неправото, а актуелната Влада беше технички монструм создаден без правна основа, а со цел акомодирање на големите политички партии.

Воспоставувањето на вонредната состојба од оваа и ваква Влада и преземањето на законодавната власт од истата, ја уништи секоја шанса за контрола над управувањето со државата, за критика и за воспоставување на правните процедури за справување со исклучително тешката ситуација.

Во услови на реален, но и секојдневно подгреван страв од страна на власта, граѓаните со неверојатна леснотија се откажаа од она малку демократија во државата, од кој било облик на контрола над Владата и од поставувањето прашања за логиката, целисходноста, сразмерноста и соодветноста на мерките кои ги наметна Владата.

Има кој да мисли, наше е само да слушаме, во криза треба еден да одлучува другите да почитуваат, не се потребни објаснувања, ние сме стока и вака треба со нас, се само дел од ставовите кои се наметнаа во изминатиот период.

Секој обид да се побара рационално образложение на одредени одлуки, е сосечено во корен и осудено како опасно и спротивно на “јавниот“ интерес. Дури и во ситуација на очигледна апсурдност на одредени одлуки, мнозинството граѓани не посегна по демократските алатки.

Резултатот е двострано опасен. Од една страна процвета прекршувањето на индивидуалните човекови права (до ниво на отворена дискриминација и тортура), ксенофобијата, нехуманоста, говорот на омраза, линчот. Од друга страна, постепено нарасна потребата од скришно, па и отворено прекршување на забраните, изигрување на процедурите (оние навистина потребните), порасна потребата да се застане во одбрана дури и на оние вистински прекршители на законите (како прв показател за недовербата во институциите).

Навидум, патријархално авторитарниот модел изгледа како најсоодветно решение во ситуација на криза. Меѓутоа, искуството веќе покажало дека е исклучително нефункционален, со краток здив и неефикасен. А последиците се големи и долготрајни.

Патријархално авторитарниот модел изгледа како најсоодветно решение во ситуација на криза. Меѓутоа, искуството веќе покажало дека е исклучително нефункционален, со краток здив и неефикасен. А последиците се големи и долготрајни.

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

**Децата учат од дома. Ене ги, ги гледам. Во еден саат попладне го местат алармот, зашто во два ќе имале хемија.**

Горан Михајловски

# Психичките проблеми ќе станат втората пандемија



**Синоличка Трпкова**

Психичките проблеми ќе станат втората пандемија. Не може секој, да не речам ретко кој може да ја бара и гледа секојдневно позитивната страна на животот во карантин, кога и пред него водел битки за живот.

Како да им се помогне на луѓето, младите, старите што се затворени во мал простор? Деструктивноста преовладува во меѓучовечките односи. Говорот на омраза, фрустрација, бунт преовладуваат на социјалните мрежи. „Седете дома, стоки“ е едноставно да се каже, но психолошките состојби низ кои минуваат луѓето се страшни. Нема да разберат сега, но ниту во иднина голем дел од нив дека ги спасуваат своите блиски, стари, изнемоштени, себеси, најмногу - своите деца!

Мојата порака за дел од нив барем е да се обидат, колку умеат и можат, да ги насочуваат своите мисли - за тоа што го оставаат зад себе. Светот нема да биде ист и на новите генерации ќе им биде потешко, многу потешко одошто нам сега. Ќе мора долгорочно и мудро да се подготвуваат и насочат за малку поинаков свет, со поинакви потреби, знаења и лични квалитети. Многу од замислените и досега возможни кариери и професии ќе останат неостварени. Не само свесност, туку ќе им треба поголема храброст, отвореност, стабилност и сила која ние постарите ќе мораме да им ја поттикнуваме уште сега.

Да, има стари луѓе, и не е фер да изумрат по сè што придонеле во животот, но имаме и млади што ќе мора да градат нов свет. Гледајте на своите деца како на зрели луѓе, независни и самостојни личности. Разговарајте често, слушајте што имаат да кажат, помогнете им да носат заклучоци сами. Поттикнувајте ја нивната самостојност, тие не се ваши робови, кукли, слуги, галеничиња - тие се носители на иднина.

Како родител, но и како ќерка секојдневно мислам на овие работи и се трудам да ги правам. Да не оставам горчина, чемер и омраза во наследство. Не можете ништо да смените, освен себеси и вашиот однос. И тоа е доволно. Така ќе им помогнете и на старите и на младите барем да не се чувствуваат виновни, притискани или неспособни. Ова ќе помине, па нека се, еве, и една или две години. Но, потоа доаѓаат нови и тешки предизвици. Мислете во тој правец и дејствувајте стамено и цврсто колку што умеете, зашто ќе бидете пример за децата и за другите луѓе. Ќе ве помнат и ќе ви бидат благодарни многу повеќе одошто мислите. Гајрет луѓе.

И порака до институциите и медиумите - да бидат свесни за ова и да помагаат во таа насока колку умеат и знаат! Тешко се градат вредности, но, за жал, преку ноќ ги снемува.

**„Седете дома, стоки“ е едноставно да се каже, но психолошките состојби низ кои минуваат луѓето се страшни. Нема да разберат сега, но ниту во иднина голем дел од нив - дека ги спасуваат своите блиски, стари, изнемоштени, себеси, најмногу своите деца!**

# Зајакот, чаирот и калдрмата



**Никола Писарев**
Окно

Ако се прашувате каква врска има зајакот со чаршијата, нема никаква, како што ни нашиве заштитари во последно време немаат врска со заштитата.

Растегнете ме колку сакате, ама ја ќе ви кажам: најмалце е крива Општина Чаир (за многу работи во Чаршијата е виновна, зашто ги дозволи сите нови згради, ама овој пат не е). Зошто? Како оди постапката? Еве, ти си општина и велиш сакам да реконструирам. Државата ти вели: ОК, ама ти треба дозвола. ОК. Што треба за дозвола? Треба проект. Кому му се носи проектот? Во конзерваторски и во Управа? Кој го прави проектот и кој го ревидира? Е тука почнува да се мати водата. Ако си општина, кој сака може да прави проект, секое архитектонско студио. Ама ако си приватно лице, верска установа, месна заедница, тогаш приватна фирма не може. Тогаш мора надлежниот конзерваторски центар да го направи проектот и да биде надзор. Затоа сега имаме селски улички подобро реконструирани од нашата ни чаршија. Прашањето е: кој затаил кај вецето, то ест со травертинските плочки?

Има ли вина Управата? Да, зашто морала да го разгледа проектот; таму сигурно имало опис на ситуацијата: како, што ќе се става, форма, дебелина, дали ќе се реди на тампон или на бетон (да, и бетонот може да е проблем, бидејќи травертинот е порозен и кога е на бетон зиме ќе биде полн со вода и на секој појак минус ќе пука). Дали ќе има канали за вода, струја, како тоа ќе се изведе, да не се прекопува секоја втора година. Сето тоа Управата секако го имала на увид, ама не го увидела најверојатно.

Има ли вина Градскиот конзерваторски центар? Да. Со оглед дека Чаршијата е споменик на територијата на Скопје директно надлежен е Градскиот конзерваторски центар. По правило и тие требало да се произнесат по проектот и да издадат мислење до Управата. Нејсе, ако Управата ги заобиколила овие работи, Градски конзерваторски центар мора да биде присутен на дневно ниво и да гледа што се работи на терен, како работат Општината и фирмата. Кога виделе дека овие прават ве-це, веднаш можеле да интервенираат и да побараат запирање на работите. Ако не можеле сами, можеле од Национален конзерваторски да побараат да донесе решение или да направат ургентен допис до Управата, и на тој начин да превенираат.

Има ли вина Министерството за култура? Да. Иако директно е ненадлежно, истото е шеф и директно е над Управата и конзерваторските центри. Секторот за заштита на културно наследство при Министерството би требало да има координација барем на неделно или месечно ниво и да биде детално информирано за вакви големи работи.

Има ли вина Национален конзерваторски центар? Да. Има надлежности, секако дел од процедурата го фаќа и Националниот конзерваторски центар, и таму проектот морал да помине и да го видат луѓе кои разбираат. Ама дали тоа се случило или некој само потпишал, е тука е друго прашање... Истово може да е случај и во Градски конзерваторски - директорот потпишал, секретарката направила одобрение, стручните служби заобиколени, иако за увидот градските конзерватори не можат да се извадат.

Има ли вина донаторот? ЕУ, Светска банка или кој да е? Има ли вина и кај нив? Има, но само делумно, зашто имаат експерти за разни области кои ревидираат проекти (особено ако се работи за проекти од 10 милиони евра, а викаат овој толку бил), ама за културно наследство им веруваат на надлежните. Значи, вина нема, освен морална одговорност. На нашиве надлежни во културата не треба да им се верува... не е тоа земјоделие или здравство или финансии, па да има институции...

Општина Чаир? Криви се оти се алчни „тендераши“. Ама немаат вина. Ако сиве надлежни горе кикснале, што е крива Општината, освен што е лакома и со години ја уништува Чаршијата и си ја користи како касичка за пари од комуналии. Немаат ни тие стручен персонал за културно наследство. Можеби и гледале и им изгледало ОК тоа со плочките, и не е да им се лутиш. Ама прашале кај тие што треба да знаат (управа/конзерваторски центри) и тие рекле - ОК, терајте.

Град Скопје? Овие не ни знаеле дури не прочитале на ФБ ниту им е во надлежност ниту имаат стручни луѓе во својата администрација, ниту имаат некаква посебна надлежност над Градскиот конзерваторски центар. Никој ништо од ова не направил. Зошто - не знам, иако и Национален и Градски конзерваторски се на 300 метри од местото на злосторот. Ама добро познато е дека сме при очи слепи и при уши глуви.

Ако се прашувате каква врска има зајакот од почетокот на приказната со чаршијата. Нема никаква, како што ни нашиве заштитари во последно време немаат врска со заштитата.



↑ Фотографија **Слободен печат** / **Арбнора Мемети**

# Економија

**Курсна листа** 15.4.2020

| | | | |
|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 |
| USD | 1 | 55.050 | 57.350 |
| CHF | 1 | 57.200 | 59.650 |
| GBP | 1 | 69.100 | 72.450 |
| CAD | 1 | 39.550 | 41.300 |
| AUD | 1 | 35.200 | 36.800 |

**Анализа** Како се подготвува македонската економија за заздравување

# Прво ќе проработат кафеаните, а кога ќе се патува во странство – кризата завршила

**Побарувачка** На непрехранбениот сектор ќе му треба подолго време да закрепне и да почне да произведува како порано затоа што ќе се соочи со намалена побарувачка

Весна Дамчевска

Отворени кафулиња и кафеани, но со седење преку една маса, во „денска шема“, отворени оложувалници и повторно одење во молови, но проретчено и со дезинфекциски средства поставени на влезовите, е она, што според сегашните најави и размислувања, може да се очекува како прв знак на нормализирање на животот и враќање на економската активност во државата.

Во европските земји веќе почна да се најавува враќањето на нормалниот живот, а и македонската влада излезе со најави дека прави сценарија за да почне рестриктивно да се враќаат во живот кафеаните, продавниците и производствените погони. Но, кога реално тоа ќе се случи и со каков разработен план, тоа засега никој не може да го каже. Престижниот Универзитет Харвард објави студија, според која социјалната дистанца можеби ќе мора да се држи до 2022 година!

## Помалку пари и страв од купување

Според претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија, Ангел Димитров, ресторантите и кафулињата кои први се затворија, први и ќе се отворат.

- На луѓето по овој период ќе им треба една издишка. Ќе се отворат и хотелите, макар и со рестрикции. Веднаш штом ќе се укаже првата можност за тоа, луѓето што отворале хотели и ресторани со свој капитал, што ги вложиле своите судбини, подигале кредити, ставале хипотеки на станови, ќе направат сè нивниот бизнис да проработи веднаш – вели Димитров.

Но, тој предупредува дека на непрехранбениот сектор ќе му треба подолго време да закрепне и да почне да произведува како порано.

- Речиси сите бранши се погодени и ако се намалат платите, работниците ќе имаат помалку за трошење, а од друга страна, кај луѓето подолг период ќе има страв од неизвесност и тие нема да се осмелуваат да купуваат нешто што не им е неопходно. Еве сега текстилните компании од Македонија кои главно работат за Германија, чекаат таму да се отворат продавниците, но и да се вратат купувачите во нив - вели Димитров.

## Извозните компании ќе чекаат побарувачка

Секако, стравот од неизвесноста и загубените приходи не е само наша карактеристика, тоа ќе се случува во целиот свет и затоа се оценува дека најдоцна ќе закрепне автомобилската индустрија како најлуксузна. Со автомобилската индустрија, пак, се поврзани странските компании што работат кај нас.

Според Виктор Мизо, претседател на Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство, кои создаваат 60 отсто од нашиот извоз, веќе нема проблем со набавка на репроматеријали и компоненти од Кина, но сега проблемот е на страната на побарувачка, затоа што овие компании главно произведуваат делови за автомобилската индустрија.



↑ Во светот веќе се вртат вакви слики, ќе ги има ли наскоро и кај нас?

- Во Кина 99 отсто од компаниите работат, но 70 отсто од луѓето се вратени на работа. Тие произведуваат само за кинескиот пазар. Секторот што е поврзан со автомобилската индустрија побавно ќе заздравува. Тој зависи од тоа дали неговите дилери се отворени, потоа од направените залихи и на крај кој ќе купува возило кога на берзата загубил големи пари. Во Европа, според најавите, фабриките за автомобили ќе се отвораат од почетокот на мај до средината на јуни, но ќе работат со редуциран капацитет - вели Мизо.

**Престижниот Универзитет Харвард објави студија според која социјалната дистанца можеби ќе мора да се држи до 2022 година!**

Што се однесува до ударот врз македонскиот извоз, фабриката „Џонсон Мети“ што работи во Македонија, прави годишен извоз од 1,8 милијарди евра, а таа веќе не работи три недели. Тоа е веќе кусок од околу 100 милиони евра, а овие пари за Македонија многу значат.

## Со став и скромен џеб најмногу до Охрид

Со рестрикции и ограничено производство во многу дејности, се очекува да се дочека летото. Сепак, според духот и менталитетот на нашиот народ, се очекува тој да успее да си дозволи по некое задоволство.

Според сегашното расположение, за почеток, со намалени приходи и со доза на страв, хотелиерите сепак се надеваат дека граѓаните ќе се свртат кон домашниот туризам. Во туристичките агенции сè уште стојат дел од уплатите за летување во септември во Грција, но еден дел, дури и за овој термин, си ги побарале парите назад.

- Летната сезона е пропадната. Цела среќа што Министерството за економија ја донесе одлуката според која им даваме ваучери на граѓаните што веќе платиле за јуни или за некој друг месец, па со тоа земаме обврска да им овозможиме летување кога ќе заврши здравствената криза. И ние веќе сме дале пари за да ги резервираме одморалиштата. А во сите земји каде што сме направиле резервации, и во Грција, и во Шпанија, и во Турција, ни велат да почекаме да видиме што ќе се случува и не ни враќаат пари - вели Миле Спировски, претседател на Асоцијацијата на туристички агенции на Македонија.

**УЈП презентираше алармантни податоци**



# Во април приходите од ДДВ помали за 79 отсто во однос на лани

Огромен пад во наплатата на данок на додадена вредност од дури 79 отсто имало во периодот од 1 до 14 април, во однос на истиот период лани, соопшти директорката на УЈП, Соња Лукаревска.

- Споредбено со истиот период лани, од 1 до 14 април 2019 година, има пад на вкупниот износ на сите даноци за 38,15 проценти - рече Лукаревска.

Бројките за март говорат дека има пад од 12,28 проценти кај сите даночни приходи споредбено со истиот месец лани, додека минусот е 24 проценти во однос на планот.

Вкупните приходи за март изнесуваат 19 милијарди денари, а истиот месец има 16,8 отсто пад на ДДВ како најзначаен данок.

УЈП ги повикува самовработените и претпријатијата што имаат пад во дејноста да ја искористат можноста од донесените уредби за ослободување од наплата на данок на добивка.

- Досега се поднесени и прифатени 370 барања за ослободување данок на добивка до УЈП - рече Лукаревска.

**Проект** Надлежните за градежните активности во Старата скопска чаршија



Фотографија Слободен печат / Арбнора Мемети

# Костов: Со ревитализација на Чаршијата треба да се вратат старите занаети

**Процедура** Од Конзерваторскиот центар, за „Утрински брифинг“ објаснуваат дека врз основа на конзерваторските услови изработени се конзерваторски проекти за секој од проектните дуќани поединечно како и за проектот кој се однесува на калдрмата на улица “Битпазарска“.

На улица „Битпазарска“ на површина од 1800 метри квадратни се менуваат травертинските плочи со кои Старата скопска чаршија била поплочена во 80-тите години и кои во меѓувреме ја изгубиле употребната вредност.Плочите беа со неправилна форма, дотраени, вадени за некоја интервенција, па повторно вратени, дупки имаше насекаде, вирови под плочите, па движењето по неа беше отежнато.Сега се заменуваат со правоаголни травертински плочи, сите со идентична форма, кои треба да бидат наредени на многу подобра подлога.

Директорот на Управата за заштита на културното наследство, Ацо Костов, за „Утрински брифинг“ вели дека се создава непотребна фама и забуна во јавноста околу градежните активности во Старата скопска чаршија. Тој се надева дека во континуитет ќе продолжи ревитализацијата на чаршијата и дека ќе се вратат старите занаети кои се изгубени и нагласува дека сите зафати се вршат со одобренија од надлежните институции за заштита на културното богатство.

-Еднаш засекогаш не е даден изгледот на еден објект, тој трпи промени. Објектите не можат да се третираат музејски. Тие најдобро ќе се зачуваат кога се користат. Оставени сами на себе не е возможно. Архитектурата е жива материја и во оваа заштитена зона како чаршијата дозволува креативен пристап - вели Костов во врска со обновувањето на излозите во дуќаните, кои исто така се опфатени со проектот за ревитализација на чаршијата.

Според него, во светот стотици години се прават промени на објектите кои не ја нарушуваат нивната автентичност.

-Кога одите во Св. Петар во Рим ќе видите имате еден куп различни бои на мермери. Тие се менуваат кога ќе ја изгубат својата боја или кога ќе се оштетат. Тие реконструкции се прават преку целата година – рече Костов.

И од Конзерваторскиот центар информираат дека проектот предвидува санација на калдрмата на еден дел од улица „Битпазарска“, како и конзервација, реставрација и санација на повеќе дукани со дотраени или заменети излози од несоодветен материјал. За сите дуќани, според нив, се предвидува замена на постојните излози со нови, од дабово квалитетно дрво како основен.

**Еднаш засекогаш не е даден изгледот на еден објект, тој трпи промени. Објектите не можат да се третираат музејски. Тие најдобро ќе се зачуваат кога се користат. Оставени сами на себе не е возможно – вели Костов.**

Оттаму, во соопштение за „Утрински брифинг“ објаснуваат дека врз основа на конзерваторските услови изработени се конзерваторски проекти за секој од проектните дуќани поединечно како и за проектот кој се однесува на калдрмата на улица “Битпазарска“. Во поглед на постапката што е спроведена при одобрување на проектот на Општина Чаир, тврдат дека е испочитувана постојната законска регулатива.

-По изборот на изведувач на работите и по доставување на сертификати за секој од материјалите кој ќе биде употребен во реализацијата, вклучително и изборот на травертин, особено неговите карактеристики, отпорност, нијанса и лабораториска анализа за исполнување на условите, се отпочна со изработка на динамиката на реализација. Предвидено е интервенциите на поединечните дуќани да се одвиваат по два во интервал од 10 дена, додека за калдрмата се во тек подготвителни работи, односно набавка, подготовка и сечење на каменот – соопштуваат од градскиот Конзерваторски центар.

На терен пак, како што објаснуваат од Центарот, се врши демонтажа на постојниот травертин и негово складирање на посебно одредена локација со цел повторно да се употреби за слична намена во Старата чаршија.

Оттаму велат дека овој период интензивно се работи затоа што поради помало движење на луѓе на овој простор, работите околу реконструкцијата и ревитализацијата можат да завршат многу побрзо.

**„Дејзи фемили“ алармира**

## Зголемен број труења на кучиња во полициски час

Откако е воведен полицискиот час на територијата на цела држава, забележан е зголемен број труења на бездомни животни, но и на кучиња со сопственици, тврдат од Здружението за заштита на бездомните животни „Дејзи фимили“.

– Станува збор за расфрлање на отровот „метомил“ или попознат како „ланате“ на повеќе јавни површини во повеќе реони низ Скопје и околината, за што сведочат и други здруженија и независни активисти, при што настрадаа повеќе здрави единки. Веќе е познато дека отровот „ланате“ е исклучително опасен како за животните така и за луѓето и животната средина – велат од Здружението и посочуваат дека имаат информации за расфрлан отров во текот на изминатиот викенд во Карпош, Радишани, Ново Лисиче, Козле и во Влае.

Од Здружението потенцираа дека несомнено е дека станува збор за извршување смислени и планирани дејства, особено ако се земе предвид фактот што во најголем дел тоа се маалски миленици, односно животни под грижа на здруженија, независни активисти и локални жители, кои во својот реон живееле подолго време и со кои не е поврзан ниту регистриран каков било инцидент, односно немил настан како напад и гризнување минувачи.



Тие бараат од сите надлежни институции и органи на прогонот итно да постапат по најновите пријави.

– Бараме и одговор на прашањето како и покрај сите сознанија и сите инциденти низ годините, продажбата на ваков опасен отров тече непречено и слободно на пазарот, без соодветно евидентирање и контрола на купувачите – потенцираа од „Дези фемили“.

**Плоштад „Македонија“**




## Уметничка акција „Облечете папучи и седете дома“

Уште една уметничка интервенција е поставена на плоштадот „Македонија“ наречена „Облечете папучи и седете дома“.

Организаторите информираат дека акцијата е наменета за да им помогне на граѓаните да истраат во физичката изолација и во сведувањето на излегувањето на минимум во овие мигови, кога изолацијата е можеби најефикасното средство за борба против епидемијата. Тие велат дека за претставување на оваа интервенција ги избрале папучите, кои претставуваат синоним за останување дома, како неизбежен дел од „домашната мода“ за време на изолација.

– Со оваа акција како и со претходната „Држете растојание“, сакаме да ги охрабриме граѓаните да издржат во оваа за сите нас многу важна битка, но и да покажеме дека уметноста и културата и во овие тешки моменти се со граѓаните и дека сите мора да бидеме сплотени за да си го вратиме животот во нормала. Како и претходно и оваа акција ја посветуваме на здравствените работници, кои секојдневно се жртвуваат за подобро утре за сите нас – велат организаторите. Според нив, акцијата е изработена без никаков директен контакт на членовите на групата, односно е работена етапно и секвенцијално од различни автори.

# Свет

• Во Кина, стотици милиони луѓе беа принудени на своите мобилни телефони да инсталираат апликација, преку која на корисниците им се дозволува да патуваат, да одат по улиците или, пак, им се наложува да седат дома во изолација. Но, слични мерки се преземаат и во Европа и тоа во некои од земјите со најразвиена свест за почитувањето на приватноста на граѓаните. Изработка на нови решенија се најавија и во САД, каде што технолошките гиганти Епл и Гугл се договорија да изработат заедничка платформа за следењето на активностите луѓето во време на епидемии.

**Коронавирус** Технологиите за следење се корисни во време на епидемија

## „Големиот брат“ е новото нормално во нашите животи

Овој модел на превенција се покажа како исклучително ефикасен во Јужна Кореја, земјата која засега води најуспешна борба со пандемијата. Тоа подразбира дека преку мобилните уреди се следи движењето на голема група луѓе, кои воедно се снимаат со улични камери, на кои се инсталирани софтвери се препознавање на лицето, а во употреба се и летечки дронови за пополнување на „слепите точки“.



**25** земји веќе имплементираа опсежни и моќни програми за следење на населението

Пандемијата на коронавирусот предизвика имплементација на разни технологии за дигитално следење на повеќе од милијарда луѓе. Во моментов тоа спасува животи, но прашање е дали откако ќе заврши опасноста од заразата, владите во светот ќе се откажат од алатките што ќе им помагаат во справување со тероризмот, криминалот, а во некои земји и со опозицијата.

Владите на повеќе од 25 земји во моментов имплементираат опсежни и моќни програми за следење на населението, со цел да се изолираат сите сомнителни контакти кои биле во контакт со некое заразено лице. Овој модел на превенција се покажа како исклучително ефикасен во Јужна Кореја, земјата која засега води најуспешна борба со пандемијата. Тоа подразбира дека преку мобилните уреди се следи движењето на голема група на луѓе, кои воедно се снимаат со улични камери, на кои се инсталирани софтвери се препознавање на лицето, а во употреба се и летечки дронови за пополнување на „слепите точки“. Истата технологија се користи и во обезбедувањето на луѓето ставени во изолација, кои доколку ги прекршат мерките на карантинот, софтверот им сигнализира на мобилните полициски патроли каде бараното лице се наоѓа во моментот. Секако дека технологијата за следење претставува моќен сојузник на здравствените власти во справувањето со заразата. Но, технологијата би можела да се користи и во следењето на дисидентите.

Во моментов, големи инвестиции во овој тип технологија се прават во земји со авторитарни режими, но и потполно демократски системи.

### Без датум за употреба

Не треба да се биде голем безбедносен стручњак за да се претпостави дека технологијата во иднина би можела да се злоупотреби. Во моментов е отворен голем пазар на производство на софтвери и уреди, кои на голем број компании им носат огромен профит и тешко е да се замисли дека по само неколку месеци зделките ќе бидат затворени.

- Најголемиот дел од мерките немаат клаузула за гаснење. Би можело да се очекува тоа што сега го гледаме како новина, да стане новото нормално во животот на луѓето – вели Рон Дајберт од Универзитетот во Торонто, кој додава дека новите мерки кои во моментов се имплементираат, го потсетуваат на законските измени во САД, по терористичкиот напад на 9.11.2001 година.

- Мислам дека треба да бидеме многу внимателни со новите мерки за безбедност, бидејќи во нив се крие голема опасност од злоупотреба на моќта од разни владини агенции. Како да е „9.11“ на стероиди.

Во Кина, стотици милиони луѓе беа принудени на своите мобилни телефони да инсталираат апликација, преку која на корисниците им се дозволува да патуваат, да одат по улиците или, пак, им се наложува да седат дома во изолација. Но, слични мерки се преземаат и во Европа и тоа во некои од земјите со најразвиена свест за почитувањето на приватноста на граѓаните. Изработка на нови решенија се најавија и во САД, каде што технолошките гиганти Епл и Гугл се договорија да изработат заедничка платформа за следењето на активностите луѓето во време на епидемии.

**Технологијата за следење претставува моќен сојузник на здравствените власти во справувањето со заразата. Но, технологијата би можела да се користи и во следењето на дисидентите.**

### Кризата преку ноќ ни го донесе „Големиот брат“

Во Индија се експериментира со солуции за следење на мобилните уреди, но и објавување на адресите на заразените лица во јавност. Во Русија сите преземени мерки досега, кои се во допир со технологијата за следење, се однесуваат само на престолнината Москва, каде што живеат 12 милиони луѓе.

Жителите на овој град можат да се движат само со издадени кодови од Владата, а низ целиот град се поставени набрзина повеќе од 100 илјади камери, опремени со софтвер за препознавање на лицата.

- Ова не е случај само со авторитарните режими, ова се случува низ целиот свет. Технологиите што во моментов се имплементираат се неверојатно слични една на друга. Тоа само по себе би требало да биде алармантно – изјави Семјуел Вудамс, стручњак за софтвер од Велика Британија.

Стравот кај голем број на здруженија кои се борат за слободата на приватноста е оправдан, бидејќи никој со сигурност не може да потврди кога технологијата ќе престане да биде потребна.

- Здравствената криза ни покажа дека сета непосакувана и негативна технологија преку ноќ може да биде имплементирана и тоа насекаде низ светот. Се сомневаме во тоа дека во иднина, кога опасноста ќе помине овие системи за следење ќе бидат во потполност исклучени – вели рускиот активист Артем Козлјук.

„Големиот брат“ во моментов спасува животи и им е најдобриот пријател на епидемиолозите во светот. Но, треба да се потенцира дека ваквите алатки се веројатно најголемиот непријател на демократијата и слободата, па употребата на технологијата за следење би морало да биде строго користена само додека трае пандемијата.

Во продажба се нашите
ВЕЛИГДЕНСКИ ИЗДАНИЈА!

- Извадок од библијата (новиот завет) од периодот од Подготовка на Тајната Вечера до ИСУС ХРИСТОС ИМ СЕ ЈАВУВА НА СВОИТЕ УЧЕНИЦИ.
- Боенки за деца

Дел од средствата ќе бидат донирани во ХУМАНИТАРНИ ЦЕЛИ.




Арт Принт Студио: тел. 02/3063194
www.artprint.mk; artprintstudio@gmail.com

Изданијата може да ги најдете во сите продажни места на Слободен печат

**Харвард** Прва долгорочна студија врз основа на актуелни податоци и математички проекции

# Без ракување уште две години, додека ковид-19 не стане како грипот

**Мерка** Ако мерката за физичко дистанцирање не се почитува подолго време, можни се избувнувања на секундарни зарази, кои би биле дури и поголеми од оваа низ која поминува светот




Мерките за физичко дистанцирање на луѓето веројатно ќе треба да се применуваат до 2022 година, предупредуваат научници што ја анализирале можноста за циклични удари на пандемијата на ковид-19.

Во студијата објавена во престижниот научен журнал „Саенс" се заклучува дека еднократно спроведување мерки за самоизолација, односно за одржување растојание од 2 метра меѓу луѓето нема да биде доволно за да се задржи пандемијата под контрола. Ако таа мерка не се почитува подолго време, можни се избувнувања на секундарни зарази, кои би биле дури и поголеми од оваа низ која поминува светот.

Во сценариото, пак, да не се изнајде ефикасна вакцина против ковид-19, се препорачува мерките за физичко дистанцирање да се применуваат до 2025 година.

- За да се шири заразата, потребни се две нешта, заразени луѓе и луѓе што може да бидат заразени. Ако не се постигне некое огромно ниво на колективен имунитет, поголемиот дел од популацијата ќе остане изложен на зараза. Предвидувањата дека пандемијата ќе заврши до претстојното лето не соодветствуваат на она што го знаеме за ширењето на инфекции - вели Марк Липсич, професор по епидемиологија на Универзитетот Харвард и еден од авторите на студијата.

Во студијата се потврдуваат позитивните ефекти на оваа мерка против ширењето на заразата, но во исто време се забележува дека толку долг период на држење растојание би имал „негативни економски, социјални и образовни последици". За да не се задржат мерките толку долго, би можеле да помогнат алтернативни пристапи и идентификувањето современи начини да се спречи ширењето.

Вкупниот број случаи на ковид-19 во следните пет години и потребното ниво на физичкото дистанцирање би зависело од неколку фактори – нивото на заразата, стекнатиот имунитет и неговото времетраење. Научниците предупредуваат дека интензитетот на овие фактори сè уште не е доволно познат за да може да се предвиди долгорочната динамика на пандемијата.

Ако имунитетот е траен, односно ако пациентите што ја „прележале" болеста повеќе не може да се заразат, ковид-19 би исчезнал во период од пет години по појавувањето. Ако имунитетот трае околу една година, каков што е случајот со некои досегашни коронавируси, пандемијата најверојатно ќе стане сезонска, како грипот.

- Разумните претпоставки се дека во рок од една година би можело да има делумна заштита. На долг рок, веројатно ќе бидат неопходни неколку години од добра заштита. Но, тоа се само шпекулации во овој момент - одговара Липсич на барањето да шпекулира кое од овие сценарија е најверојатно.

Во студијата се истакнува дека серолошките тестирања, со цел да се утврди пропорцијата од населението што има заштитни антитела, ќе бидат клучни за да се утврди дали луѓето развиваат долгорочен имунитет.

Други научни тимови открија докази дека имунолошката реакција варира кај секој човек. Заразените лица што имаат поблаги симптоми, или воопшто ги немаат, имаат послаб имунитет.

Професорката Марион Купманс, шефица за вирологија на Универзитетскиот медицински центар Еразмус во Ротердам, чиј тим ја изучува реакцијата со антитела кај инфицираните, вели дека целосна и трајна заштита би била невообичаена за респираторен вирус.

**Она што очекуваме да се види и се надеваме да се види е дека кај луѓето што еднаш го имале вирусот, симптомите при новото заразување би биле поблаги, вели професорката Марион Купманс, шефица за вирологија на Универзитетскиот медицински центар Еразмус во Ротердам**

- Она што очекуваме да се види и се надеваме да се види е дека кај луѓето што еднаш го имале вирусот, симптомите при новото заразување би биле поблаги - вели Купманс.

Марк Вулхаус, професор по епидемиологија на Универзитетот во Единбург, вели дека оваа студија е одлична, бидејќи се користат математички модели за истражување на динамиката на ковид-19 во период од неколку години, за разлика од претходно објавените студии, кои се фокусираат на следните неколку недели или месеци.

- Важно е да се знае дека тоа е модел, конзистентен со актуелни податоци, но и базиран на низа претпоставки, на пример за стекнатиот имунитет, кои допрва треба да бидат потврдени. Студијата треба да се толкува како претставување можни сценарија, а не да се смета за цврсто предвидување - вели професорот Вулхаус.

**Пандемија** Жестоки реакции од здравствените експерти и од ОН

# Шлаканицата од Трамп за СЗО е „злосторство против човештвото"

**Секој научник, секој здравствен работник, секој граѓанин мора да даде отпор и да се побуни против ова ужасно предавство на глобалната солидарност, оцени Ричард Хортон, главен уредник на угледниот медицински журнал „Лансет"**

Водечки здравствени експерти ја оценија како „злосторство против човештвото" одлуката на американскиот претседател Доналд Трамп да го прекине финансирањето на Светската здравствена организација. Експертите предупредуваат дека цената на оваа одлука ќе бидат многу човечки животи.

Одлуката на Трамп ја критикуваше и генералниот секретар на Обединетите нации, Антонио Гутереш, кој оцени дека „СЗО е апсолутно критичен за светските напори да се победи во војната против пандемијата на коронавирусот".

Трамп прексиноќа објави дека САД во период од два до три месеци ќе го прекинат финансирањето на Светската здравствена организација, за да се спроведе ревизија за улогата на СЗО во лошата реакција и прикривањето на ширењето на коронавирусот". САД се најголемиот донатор во буџетот на СЗО.

Ричард Хортон, главен уредник на угледниот медицински журнал „Лансет", напиша дека одлуката на Трамп е „злосторство".

- Секој научник, секој здравствен работник, секој граѓанин мора да даде отпор и да се побуни против ова ужасно предавство на глобалната солидарност - истакна Хортон.

Шефот на ОН во поблаг тон предупреди дека „не е време да се скратува финансирањето или да се бараат грешки".

- Откако ќе ја оставиме зад нас оваа епидемија, ќе има време да се разгледа што било за да се разбере како ваквата зараза се појавила и се проширила толку брзо низ целата земја, па и како оние што биле вклучени реагирале на кризата. Лекциите што ќе ги научиме, ќе бидат витални кога ќе се соочиме со слични предизвици што ќе се појават во иднина. Исто така, не е време да се намалат изворите за операции на СЗО или на која било друга хуманитарна организација вклучена во борбата против вирусот - изјави Антонио Гутереш.

Докторката Нахид Баделија од Медицинскиот факултет на Универзитетот Бостон, ја оцени одлуката на Трамп како „апсолутна катастрофа".

- СЗО е глобален технички партнер, платформа преку која земјите споделуваат податоци и технологија, нашиот глобален прозорец кон пандемијата - истакна докторката.

### Апсолутна катастрофа

СЗО трпи критики поради некои аспекти на реакциите на пандемијата, а беше и обвинета дека е премногу приклонета кон Кина, иако комунистичкото раководство на оваа земја првично ја прикриваше епидемијата и ги казнуваше „свиркачите".

Трамп го прекрати финансирањето во период кога и самиот трпи жестоки критики поради неуспехот да ја подготви подобро земјата за пандемијата. САД не презедоа радикални мерки, по што во земјата веќе има повеќе од 600.000 регистрирани случаи на ковид-19, како и повеќе од 24.000 смртни случаи. За однесувањето на Трамп во критичната ситуација, говори и веста од вчера дека чековите на 1.200 долари за помош до граѓаните во САД ќе доцнат неколку денови поради инсистирањето на претседателот на чековите да се втисне неговото име.

### Куомо: Нема да се придржувам до наредбите од Белата куќа

Гувернерот на сојузната држава Њујорк, Ендрју Куомо, изјави дека нема да почитува ниту една од наредбите на претседателот Доналд Трамп за отворање на државата, ако тоа не е потврдено како безбедно.



- Ако тој нареди да ја отворам државата на начин што може да го загрози јавното здравје на луѓето во државата, јас нема да го сторам тоа - изјави Куомо за Си-ен-ен.

Трамп рече дека претседателот на САД има „апсолутна моќ" кога е во прашање одговорот на пандемијата и оти гувернерите на сојузните држави не се прашуваат за тоа.

- Овластувањата на претседателот по тоа прашање е апсолутно и така мора да биде. Тие гувернери го знаат тоа. Има неколкумина од тие демократски гувернери, кои не се согласуваат со тоа, но ќе се согласат - изјави Трамп.

Согласно со Уставот, најголеми овластувања има федералната власт, а за сите други одлуки одлучуваат сојузните држави.

РАЗГОВОРИ СО СОСЕДИТЕ ОД ДОМАШНА ИЗОЛАЦИЈА

Мирјана Бобиќ Мојсиловиќ, писателка

# Најдоминантна глад на денешницата е гладта за пари и за его

*Ова е време во кое доминира нарцистичката култура во која сè е подредено на она „јас“ и во кое нема место за другиот, освен како поданик на нашиот нарцизам.*

На популарната писателка, колумнистка и сликарка Мирјана Бобиќ Мојсиловиќ во периодот на домашна изолација најмногу ѝ недостига движењето и прошетката, ѝ недостига одењето на пазар, а овие денови ги поминува во пишување на нова книга. Во меѓувреме, како што вели, следи што се крие зад оваа глобална матрица, зад оваа реалност која на сите ни се урна врз главите, се обидува да ги открие сите нишки на оваа застрашувачка орвелијанска реалност.

**На сите им е потребен среќен крај. Кога од целата оваа ситуација би напишале роман, каков би бил крајот?**

- На крајот би открила кој сè ова ни го направи и зошто, би ги уапсила виновниците за ова глобално страдање, а среќниот крај би бил враќање на сјајната ѕвезда која на сите би ни ги вратила надежта и насмевките.

**Во романот „Глад“ зборувате за човечката глад - љубовта, вниманието, успехот, парите. Која глад е најопсна, најдоминантна? Постои ли корисна глад?**

-Најдоминантна глад на денешницата е гладта за пари и гладта на нашето его да бидеме главни, славни, сакани и богати. Ова е време во кое доминира нарцистичката култура во која сè е подредено на она „јас“ и во кое нема место за другиот, освен како поданик на нашиот нарцизам. А гладта за пари, за огромни пари, за материјален успех, е една од најголемите ѓаволски измами на денешницата. Мојот роман „Глад“ во оваа смисла е спасоносен. Ги учи луѓето на најголемата вистина, дека вистинското богатство е во нас самите.

**Колку жените ви помогнале во животот, или сепак, мажите?**

- Мене никој не ми помогнал, во смисла на кариерата, работата, за ништо. Сама бев и останав. Но во животот многу прекрасни гестови сум доживеала и од жени и од мажи.

**Што им недостига на балканските жени, од што најмногу пати нашата жена?**

- Проблемот со жените е, инаку, во тоа што традиционално им било забрането да зборуваат - можеби затоа, жените, отсекогаш повеќе патат од штитна жлезда отколку мажите. Балканската жена е растргната меѓу модерното и традицијата, економски несигурна, често е во прилика многу да трпи и во врската и на работа. Значи, од една страна постои молчење, а од друга страна постои урлање какво што гледаме на јавната сцена и во реалните шоуа. Нема разговор. А од трета страна, жената во современата цивилизација е распната меѓу природната потреба да биде мајка и да има семејство, и - современиот ултиматум да биде секс бомба и да се покажува. Токму на жената се гледа изопаченоста на поимите јавно и приватно.

**Што за вас е феминизам? Политичко движење, стил на живот кој е во мода, или нешто што сега навистина ни треба?**

- Сега, со сè ова што знам, станав многу критична кон феминизмот, особено кон денешниот феминизам, кој стана опасно политичко средство за раздор меѓу половите, за омраза кон вистинските мажи и кон традиционалните вредности на кои почива светот.



Книги од Бобиќ Мојсиловиќ се достапни во продажба и во Македонија

**Што најмногу би ве навредило од еден маж?**

- Живееме во време на сеопшто непочитување на човекот. Сите пораки кои ги добиваме преку медиумите во суштина ни јавуваат дека сме безвредни, дека сме овци за шишање, па во таа смисла јавниот говор, а така и приватниот, спадна на најниски гранки. Никој никого не почитува, пцовките и навредите ни станаа нешто како добар ден. Жените се изложени на потсмев поради годините, изгледа и постојано на некој порнографски дискурс - „чини-не чини“. Непочитувањето на жените не е само пцовка - јас не можев да замислам татко ми во присуство на мојата мајка да погледне друга жена, а камоли да зборува непристојно. Растевме во семејства во кои таткото и мајката беа заедно во сè. За мене тоа е почитување.

**Јасмина Кантарџиева Димков**

Дејан Стојиљковиќ, писател и сценарист

# Фасцинантни ми се ликовите на Кочо Рацин и браќата Манаки



На овие наши простори да се биде славен писател не е исто како да се биде славен музичар или глумец.

*Би сакал да дознаам две работи: кој и зошто ја растури Југославија и кој беше нарачател на убиството на премиерот Зоран Џинџиќ?*

Зад успешноста на серијата „Сенки на Балканот“, која е актуелна и кај нас, стои исклучителен тим професионалци, меѓу кои и прозниот и драмски писател Дејан Стојиљковиќ, кој е еден од сценаристите на серијата. Во периодот на изолација неговото уметничко внимание го окупира еден роман, новела и две сценарија, еден за стрип, а друг за телевизиска серија. Иако важи за еден од најпродаваните современи српски писатели, себеси не се доживува како славна личност и вели дека им ја препушта таа титула на политичарите, јутјуберите и учесниците на реалните шоуа. Остана да живее во Ниш, а предност на Ниш во однос на Белград ја гледа во „тоа што е поблизу до Скопје и Охрид“. Во секојдневниот живот пак, Дејан Стојиљковиќ е татко, сопруг, колекционер на стрипови и грамофонски плочи, голем фан на групата „Мизар“.

**Што мислите, дали ова чудно искуство ќе нè промени како луѓе?**

- Тешко е да се одговори на тоа прашање. Луѓето тешко се менуваат. Или воопшто не се менуваат, како што тврди доктор Хаус. Можеби во светот ќе дојде до некои промени во однос на големите сили, но на микро-ниво, кај луѓето, единствено што може да се промени е да се зголеми несигурноста и стравот. Кај нас на Балканот тешко дека може да дојде до некоја поголема промена во таа смисла, нашиот менталитет е монолитна работа, малтене неуништлива, како торовиот чекан.

**Во Македонија е актуелна серијата „Сенки над Балканот“ на која работевте како еден од сценаристите. Серијата привлече големо внимание, не само поради самата приказна, туку и поради македонскиот дел на екипата. Како е развиена драматургијата за да опфати и македонски дел на екипата?**

- Во првата сезона македонската линија се наметна сама од себе зашто историски факт е дека српските и македонските нарко-картели тесно соработуваат. Огромен дел од сировиот афион и опиумски деривати доаѓале од Македонија помеѓу двете светски војни. Во вториот дел одлучивме да ја прошириме приказната со нови ликови. Затоа таа почнува и со неуспешниот атентат на кралот Александар во Загреб, каде што соработувале ВМРО и усташите. Тука го уфрливме и нашиот фиктивен лик Дамјан Хаџи Арсов и тогаш дејствието се пренесува во самата Македонија, каде што газда Киро и неговите луѓе ги затекнуваме во нова ситуација. Уфрливме и една љубовна приказна. Сè е многу полесно кога пишувате за извонредни глумци, а македонската екипа на „Сенки“ е навистина врвна: Перо Арсовски, кој за мене е македонскиот Бата Живојиновиќ, потоа Тони Михајловски, Јана Стојановска...

**Колку долго работевте на вашиот бестселер „Крстопатот на Константин“ (во Македонија, во издание на „Култура“, нз.)? Како ги организирате сите пронајдоци, извори и сведоштва што ги имате и каде сè тоа го (из)наоѓате?**

- Писателите доста сакаат да го мистифицираат создавачкиот процес, всушност, тоа не е ништо комплицирано и таинствено. Огромен историски материјал е достапен на два клика од вас, а ако го нема на Интернет, тука се библиотеките и архивите. Мене порано ми беше малку потешко, зашто темите со кои се занимавав не беа толку присутни во медиумите како денес, на пример, наци-мистицизмот. Сега веќе имам стручни консултанти кои ми доставуваат материјал, ме упатуваат на извори и ги ловат грешките во моите ракописи.

**Која македонска историска личност би ја истражувале?**

- Фасцинантен ми е Кочо Рацин, писател и револуционер, Македонец кој пишувал и на српски и објавувал во Загреб. Исто така, тука се браќата Манаки, пионери на кинематографијата на овие простори. Има доста познати Срби родени на просторот на денешна Македонија, Коста Абрашевиќ, на пример, тој бил од Охрид, Цинцар Јанко Поповиќ, исто така. Големиот јунак, комитски војвода и четоводач Јован Стојковиќ - Бабунски е роден во Мартолци, а починал во Велес, тој е апсолутно легендарна личност и штета што книжевниците и филмаџиите не се занимавале малку повеќе со него.

**Ј.К.Д.**

## ЗА НАШИТЕ ДЕЦА

# Три суперзабавни книги за „голтање“ и прераскажување

*Бисера Бендевска, уредничка во издавачката куќа „Арс ламина“, ни дава препораки како да се чувствуваат попријатно, покреативно и позабавно нашите деца во периодот на домашна изолација.*

За да не чмаеме седејќи дома и да не го запоставувиме духовниот развој, Бисера избра три наслови што срдечно им ги препорачува на најмладите читатели, а достапни во продажба во „Литература.мк“.

- Верувам дека заради многу причини ќе им се допаднат и дека ќе ги забавуваат и поучуваат, и ќе ги препорачуваат на нивните другарчиња, вели Бисера.

**„Тото мачката-нинџа и големото бегство на змијата“од Дермот О’Лири**

Ова е првата книга од серијалот за мачката-нинџа Тото и нејзиниот брат Сивко, кои со нивните човечки родители живеат во Лондон. Тото е полуслепа мачка, која поседува неверојатни нинџа-вештини и е бестрашна, додека Сивко е целосна спротивност на сестра си. Во нивната прва авантура тие ќе имаат мисија да ја вратат во Лондонската зоолошка градина опасната кралска кобра Брајан што сее страв низ улиците. Книгата изобилува со прекрасни и живописни илустрации и има многу динамично дејство. Интересен е податокот дека Тото и Сивко вистински постојат, а повеќе детали може да се прочитаат во книгата.

**„Брзосплетковска 63 и случајот со смрдливите чорапи“ од Катерина Трајановска**

Приказната во оваа книга не почнува со еден убав сончев ден на ливада, ниту пак со викенд на градската плажа. Па, дури ниту со прошетка во продавницата за дрвени играчки. Оваа приказна почнува на најсмешен, најчуден и најневеројатен начин, кога Оливер Томпсон Мекензи III, едно петгодишно дете од Шкотска, одбило да се капе во недела – одлука што длабоко ги вчудовидела и стаписала неговите родители. Оли стоел цврсто на својот став: не прифаќал ниеден компромис и одбивал по секоја цена да ги стави нозете во водата, која, како и обично, мирисала на градина со узреани малини.

Дури кога конечно го прашале зошто не сака да се капе, Оли им раскажал на своите родители за еден настан кој вклучува една дружина од петмина, една метла, една Вештерка, една пита од брокула и еден пар смрдливи чорапи.

**„Рико, Оскар и таинствените сенки“од Андреас Штајнхефел**

Рико и Оскар се детективи какви што не сте сретнале никогаш. Рико е скромно талентирано момче, кое често ги побркува страните на светот. Иако размислува малку побавно од другите, тој е вистински махер за забележување детали. Најважно е тоа што Рико е бестрашен. Оскар пак, е гениј и постојано носи безбедносен шлем на главата, за да го заштити својот паметен мозок. За разлика од Рико, тој има многу стравови што магично исчезнуваат кога двајцата другари се заедно.

Штом Рико и Оскар ги спојат своите кликери, не постои мистерија што не можат да ја разрешат. Прв на удар е опасниот киднапер – Мистер 2000.










## НАША ЖЕНА



### Тијана Дапчевиќ, пејачка и глумица

# Чистам, гледам филмови и јадам многу лук и кромид

***Мислам дека полека веќе извлекуваме поука од овој период на коронавирусот - да се завртиме кон себе, да си го гледаме дворот, да си го чуваме дворот, да ја чуваме планетата, да не брзаме толку. Да го живееме секој ден како да е последен, да се сакаме себеси и да си ја гледаме својата работа. Тоа е најголемата поука, а најмногу да ја чуваме планетата.***

Тоа што не го правела со години, сега го прави. Сè што имала да исчисти од фиоки, плакари, сè направила. Сите филмови ги изгледала, ги средила цвеќињата, секој ден има нешто ново - нов филм, нова книга, нова серија, нова театарска претстава.

„И добро е тоа што сè тоа го правиме заедно со синот и сопругот, инаку ќе се испозаколеме“ - на смеа ни вели и додава дека оваа изолација супер ѝ дошла.

**▶ Што ти недостига најмногу од секојдневието што го имавме пред коронавирусот?**

– Ми недостига дружењето со пријателите, ми фали да дојдам во Скопје да ја видам сестра ми, деца, мајка, татко, ми фали да одам на кафе, да одам во театар, ми фали да одам во кафеана.

**▶ Што ќе направиш првиот ден кога ќе ни кажат дека може да се вратиме на секојдневниот живот?**

– Првиот ден кога ќе ни кажат дека можеме да се вратиме во секојдневниот живот ќе „запалам“ автомобил и ќе одам во Скопје. Потоа ќе одам во кафеана со сестра ми.

**▶ Кој филм го препорачуваш на твоите пријатели, обожаватели, колеги да го погледнат овие денови?**

– Сите оние што беа номинирани за Оскар. Мене најголем впечаток ми остави „Медена земја“. Не дека е наш, туку навистина е филм кој те замислува и те помрднува. И „Паразит“, корејскиот филм. Од серии топло ги препорачувам „Приказната на слугинката“, „Кралицата на југот“ и „Куќата од хартија“.

**▶ Каква музика слушаш периодов?**

– Си пуштаме плејлиста на Јутјуб и си играме. Секоја музика која може да те крене за да го сочуваш разумот.

**▶ Омилена храна што ја приготвуваш откако си дома?**

– Секој ден готвам, не ми е нешто ново. Јадеме лук и кромид во ненормални количини, пиеме лимон, јадеме салати. Само здрава храна.

Васко Спасоски

## СО ЖЕНСКА РАКА

**ДРАГАНА ЕВТИМОВА,** родена 1984 година во Скопје, авторка на книгите поезија „Постоењето на динамиката“, „Јас сум некаде на друго место“ и „Фусноти по сеќавање“. Преведува од словенечки јазик. Со песната „Белег“ добитничка е на првата награда на третиот Меѓународен конкурс за поезија „Антево слово“.

### ТРПЕЛИВИ СМЕ...

(и) кога ги заморуваме со непотребни
нешта оние што ги сакаме
само (за) да се припиеме до нивната
воздишка
(и) кога им велиме дека имаат примамлива смеа
излезена од празните полиња на крстозборите

трпеливи сме
(и) кога со необично возвишена воздишка
ги цртаме нивните движења во тишината
на времето
(и) кога ги пакуваме како тукушто напишано писмо
низ збиените страници на животот

трпеливи сме
(и) кога мислиме дека сме доволно
комични
како нацртано глуварче со стуткана
монета во раката
за незабележливо да почнеме да го
гравираме
нивното име врз нашето отсуство...

Не е доволно да се потисне во себеси...
Доволно е да се потисне далечното време
во кое имало несреќи...



### БЕЛЕГ

Ако ти се случи да се сомневаш
во својот лик
што ќе го видиш во огледалото
закачено на влезната врата од твојот дом,
пред да започнеш да се залажуваш себеси
дека вистинските одговори ги знаеш
само ти и никој друг,
обиди се да го запалиш светлото
во собата
и погледни дали во него ја гледаш својата
сенка.

И ако случајно сретнеш уште еден лик
во рамката на огледалото од твојот дом,
пронајди некој друг што наликува на тебе
и започни да веруваш дека има некој ист
како Тебе на овој свет.

И ништо повеќе не е потребно да кажеш
и да направиш.
Сè се разбира и се знае однапред ...
Како белег наследен од родител ...

***Драги читателки, бидете и вие дел од рубриката „Со женска рака“. Отворете си ја душата, пишувајте поезија и испраќајте ни ја на isprati@pecat.mk***

Здравје

Не треба да те мачи кога другите пропуштаат да ги ценат твоите способности, туку кога ти пропушташ да ги цениш нивните.

Конфучиј

**Интервју со професор доктор Дејан Докиќ.**

# Грипот и короната имаат слични симптоми, но разликата е голема!

По 10 циклуса на вирусот на грип, еден болен ќе зарази 56 здрави личности, додека, пак, еден пациент со ковид-19 може да зарази 2.047 луѓе.



Љубиша Николовски

Во интервју за „Слободен печат“ проф. д-р Дејан Докиќ говори за непредвидливоста на коронавирусот, како и за сличностите и разликите меѓу него и обичниот сезонски грип.

**● Дали заканата од коронавирусот е толку голема што изискува ригорозни мерки што поголемиот број земји ги применуваат вклучувајќи ја и нашата?**

- Заканата од SARS-Co-2 е сè уште една голема непознаница. Вирусот откога се појави за првпат во Кина па сè до денес, покажува различно однесување. Некои научници тврдат дека вирусот во Кина, Европа и во Америка се разликува, што можеби говори дека станува збор за различни генетски варијанти на овој нов вирус. Самиот податок од денеска, дека во Кина повторно се зголемува бројот на новодијагностицирани пациенти, укажува дека е можно повторна појава на епидемија во Кина, иако се сметаше дека таму вирусот е „победен“.

**● Во што се состои стравот од овој вирус, од неговото брзо ширење, или пак, од неговата деструктивност по здравјето на луѓето?**

- Стравот од овој вирус е во тоа што никој не може да предвиди што ќе се случи во Европа и кај нас. Има случаи каде што овој вирус за многу кратко време кај помлади лица без видливи претходни болести многу брзо се „спушта“ во белите дробови и овие пациенти завршуваат летално. Никој не може да ги објасни овие случаи и токму во тоа се состои непредвидливоста на овој вирус.

Од горенаведените причини произлегуваат и мерките што нашата земја ги презема за заштита на населението.

**● Како да знаеме од кога ковид-19 е присутен кај нас, од кога почнавме неговите симптоми да ги препознаваме како корона, а не како грип, или друго сезонско или слично заболување?**

- Не не можеме точно да знаеме од кога е присутен овој вирус кај нас. Секоја сезона имаме голем број пациенти што заболуваат од вирусот на грип, а се регистрираат и голем број смртни случаи. Главно страдаат постари пациенти со други придружни хронични болести. И клиничката слика на ковид-19 наликува на грипозна инфекција, со тоа што новиот коронавирус значително почесто ги напаѓа белите дробови и води до тешки пневмонии што кај некои пациенти прогредира во смртоносна состојба наречена ARDS (акутен респираторен дистрес синдром). Ова е причината што не може точно да се предвиди кога е за првпат кај нас појавен SARS-Co-2. Од друга страна, кај овој вирус карактеристично е тоа што 20-30 отсто од заразените не покажуваат клинички симптоми, а истовремено можат да ја шират инфекцијата во околината.

**● Кои се битните разлики меѓу ковид-19 и сезонскиот грип ако и едниот и другиот можат да бидат смртоносни и зошто тогаш за грипот не се преземаат вакви рестриктивни мерки?**

- Што се однесува до разликите помеѓу вирусот на грип и SARS-Co-2, може да кажеме дека се големи. Имено, вирусот на грип има инкубациски период од 24-48 часа, што значи за 24-48 часа од навлегувањето во човекот предизвикува клинички симптоми и е кратко времето кога тој може да зарази друга личност. За разлика од него SARS-Co-2 има инкубационен период од 2-14 дена, што значи дека може да поминат и 14 дена пред да се јават првите симптоми и пациентот да сфати дека е заболен. За тој период пациентот може да зарази голем број луѓе доколку има незаштитен контакт со нив. Втората значајна разлика е што имаат различен базичен репродукциски број Ro што означува колку една заразена личност може да зарази други здрави лица.

Ro за вирусот на грип изнесува 1,3, или грубо кажано еден болен со грип може да зарази едно до две здрави лица. Ro за SARS-Co-2 изнесува 2,25, што значи еден болен од ковид-19 може да зарази грубо кажано 2 здрави лица. Оваа разлика навидум не изгледа голема, но по 10 циклуси на вирусот на грип, еден болен од грип ќе зарази 56 здрави личности, додека, пак, еден пациент со ковид-19 по 10 циклуси може да зарази 2.047.

Третата разлика е што во тек на сезоната на грип има голем број луѓе што го прележале грипот, дел од населението е вакцинирано, па постои некаков колективен имунитет кон вирусот на грип. Додека, пак, во случајот на SARS-Co-2 никој на оваа планета немал претходен контакт, па не можел да создаде имунитет. Тоа значи дека сите луѓе на светот се чувствителни кон него.

**Најголем дел од заразените личности ќе ја прележат болеста ковид-19 со лесни симптоми што наликуваат на настинка (течење на секрет од носот, затнат нос, болка во грлото, кашлица, малаксаност, главоболка, можеби лесно покачена температура и зацрвенети конјунктиви).**



**● Како ние симптоматски да ја препознаеме болеста, дали сме моментално само настинати или, пак, сме заразени со коронавирусот и какви последици можеме да очекуваме?**

- Најголем дел од заразените личности ќе ја прележат болеста ковид-19 со лесни симптоми што наликуваат на настинка (течење на секрет од носот, затнат нос, болка во грлото, кашлица, малаксаност, главоболка, можеби лесно покачена температура и зацрвенети конјунктиви). За овие пациенти се препорачува да останат во своите домови, да се одмораат, да земаат течности и симптоматска терапија. Одморот е многу важен. Еден дел од пациентите или 20 отсто ќе имаат тешка клиничка слика што личи на грип (болки во мускулите, силна болка во грлото, голема малаксаност и слабост, висока температура, кашлица, болки во градите и тешко дишење) што укажува на фактот дека вирусот ги нападнал белите дробови. Некои од нив можеби ќе биде потребно да бидат хоспитализирани, а 20 отсто од хоспитализираните ќе имаат потреба од респираторна поддршка и ќе треба да се постават на механичка вентилација (респиратор).

**● Но, професоре, дури и за обичен грип сме оделе на преглед кај лекар за да воспостави точна дијагноза и соодветна терапија. Сега и под закана од ковид-19, граѓаните по телефон добиваат дијагноза во стилот: „Не ви е ништо, седете дома“, или ако едноставно ги исполнувате условите од прашалникот, добивате „виза“ за тест. Нели е малку противречно сето тоа?**

- Што се однесува до поставување дијагноза, важно е кај секој пациент да се направи епидемиолошка анкета, со цел да се идентификуваат примарните контакти, значаен податок во спречување на натамошното ширење на болеста. Потоа сите пациенти во нашата земја со клиничка слика на ковид-19 се тестираат на присуство на вирусот со молекуларни методи. Доколку е позитивен тестот во комбинација со клиничката слика и евентуално со компјутеризирана томографија на белите дробови, кај пациентите со пневмонија се поставува дијагнозата ковид-19. Кај оние што се негативни, а сè уште имаат симптоми сомнителни за ковид-19 и компјутерска слика на белите дробови што упатува на оваа болест, се тестираат по неколкупати за присуство на вирусот со молекуларните методи.

**● Што дознаваме со серолошките тестови што кај граѓаните можеби предизвикуваат забуна?**

- Постојат и серолошки методи, со кои се детектира присуство на антитела во крвта на испитаникот. На овој начин докажуваме дека испитаникот дошол во контакт со вирусот, неговиот имун систем го идентификувал и создал антитела против вирусот. На овој начин може да дознаеме кој испитаник ја прележал болеста ковид-19.

Оној што мисли дека е среќен е навистина среќен.



**Бидете креативни.**

# Играјте си со боите и имајте уникатни велигденски јајца на празничната трпеза



Црвените јајца се симбол на празникот бидејќи тие ја симболизираат крвта на Спасителот Исус Христос, а значењето на јајцето се поврзува со раѓањето на новиот живот.

Велигден е празник над празниците. Поради многубројните декорации и огромниот број можности за боење на велигденските јајца, важи за празник каде што на креативноста само небото ѝ е граница.

Во последните неколку години, домовите на верниците се китат со огромен број украси, а во нив доминираат зајчињата, пилињата, кокошките и се разбира јајцата во најразличи бои.

Во минатото, украсувањето на домот не било вообичаена појава. До пред неколку децении, црвените јајца, свеќите и здравецот биле трите работи кои се ставале на велигденската трпеза и кои ја симболизирале желбата за здравје и среќа во домот, вербата во Бога и силата на религијата.

Сепак, со текот на годините, многу работи се промениле, па и бојата што се користи за боење на јајцата. Така, модерните домаќинки, покрај традицијата сакаат да бидат дел и од новите трендови, па токму поради тоа многу често се одлучуваат и за боење јајца во сите бои и нијанси.



## Вапсување со лушпи од кромид

Доколку сакате велигденските јајца да ги вапсате на традиционален начин, тогаш тоа направете го со лушпи од кромид.

За да го постигнете посакуваниот ефект, потребно е да имате обезбедено поголемо количество лушпи од кромид кои треба да ги потопите во ладна вода и така да ги оставите да отстојат најмалку 12 часа. Потоа, во тенџерето со лушпи и вода, ставете ги јајцата и вклучете ја ринглата на помала температура за постепено да се загрева водата. Варете ги јајцата околу 20 минути. Откако ќе забележите дека сте ја добиле посакуваната боја, тргнете го тенџерето од оган и оставете да се изладат јајцата внатре во водата. Кога ќе ги извадите јајцата, оставете ги да се исушат, а потоа за да имаат сјај, со памук премачкајте ги со масло за јадење.

Доколку сакате црвените велигденски јајца да ги декорирате дополнително, пред да ги ставите во лушпите, можете да им ставите и некое ливче од кое било растение и да го прицврстите со некое ластиче или да ги врзете во најлон-чорапа. Кога ќе ги обоите јајцата, целата површина ќе биде црвена, освен на местото каде што сте ставиле ливче или можеби некој цвет. Обидете се!

## Кафе за златно-кафени јајца

Уникатните кафено-златни јајца се во мода во изминативе неколку години за време на празнувањето на велигденските празници. Оваа боја можете да ја добиете доколку ги следите следните чекори: сварете две поголеми шолји на турско кафе и да оставите да се изладат. Потоа, можете да си го испиете кафето или едноставно да ја фрлите течноста, а талогот да го префрлите во друг поголем сад, каде што ќе имате можност да мешате. Во измешаниот талог додајте куркума околу 2 супени лажици и овие состојки измешајте ги со една супена лажица алкохолен оцет. Добиената смеса ставете ја во тегла, ставете во неа неколку јајца и затворете ја. Теглата оставете ја да стои во фрижидер неколку часови. На крај, извадете ги јајцата, исушете ги и со памук премачкајте ги со масло за јадење. Во истата оваа тегла, повторно можете да ставите нови сварени јајца и постапката да ја повторите.

## Лушпи од кромид и бои за јајца

Доколку сте вапсале неколку јајца со лушпи од кромид, водата која ви останала можете да ја искористите за да ги споите модерното и традиционалното и на тој начин да добиете уникатни јајца.

Имено, извадете ги веќе искористените лушпи од кромидот, исушете ги, а потоа ситно исечкајте ги. Земете едно бело јајце, натопете го во вода, а потоа извалкајте го во лушпите од кромид, па ставете го во газа и прицврстете го цврсто со конец. Јајцата ставете ги во сад со вода, додајте лажица оцет и саканата боја.

Сварените и обоени јајца извадете ги од садот, оставете малку да се оладат, па одмотајте ги и отстранете ги преостанатите лушпи. На местата каде што лушпите не се залепиле, ќе ја видите посакуваната боја во комбинација со бојата од лушпите од кромид. Добиените шари ќе ве изненадат.

## Боровинки за темносини јајца

Доколку сакате да добиете темносини јајца користејќи природни плодови, сѐ што треба да направите е во блендер да ставите околу 500 грама боровинки и околу 200 милилитри вода. Вклучете го блендерот на најголема брзина и миксирајте додека не добиете хомогена смеса. Добиената течност, ставете ја во подлабоко тенџере и загревајте ја до степен на вриење. Кога течноста ќе ја постигне посакуваната температура, тргнете ја од оган и во неа ставете ги јајцата. Јајцата треба да стојат најмалку 3 до 4 часа за да добијат убава и рамномерна боја.

## Црвена зелка за светлосини јајца

Кога ќе подготвувате темносини јајца, сигурно ќе посакате во вашата велигденска кошничка да имате и светлосини јајца. За да ги направите, ќе ви треба една црвена зелка, која ќе ја исечкате и ќе ја сварите. Течноста што ќе ја добиете, оставете ја да се излади, а потоа процедете ја, ставете ја во подлабок сад во кој претходно сте ги ставиле и јајцата и ставете ги во фрижидер. За јајцата да се вапсаат со интензивно сина боја, треба да отстојат најмалку 24 часа во фрижидер.



## Вино за виолетови јајца

За да добиете убава виолетова боја на велигденските јајца, можете да користите црвено вино, а за да ги подготвите, потребно ќе ви бидат 2 литри.

Измијте ги јајцата убаво и ставете ги да стојат во тенџере со ладно вино. Виното што сте го ставиле во садот, треба да ги прекрие јајцата за да можат да добијат од неговата боја. Исто така додека јајцата ги боите, не треба да ги вртите ниту да ги поместувате. Јајцата со виното ставете ги да се варат околу 30 минути, а потоа едноставно тргнете ги од оган и оставете ги да се изладат.

На крај само извадете ги јајцата од течноста, исушете ги и ќе добиете виолетови велигденски јајца.

## „Пукнати“ јајца

Доколку сакате да се издвоите од другите, ве советуваме да се обидете да направите и уникатни „пукнати“ велигденски јајца.

Земете поголема количина лушпи од кромид и ставете ги во блендер да се иситнат. Јајцата навлажнете ги со студена вода и веднаш ставете ги во иситнетите лушпи од кромид и секое јајце завиткајте го со влажно марамче и прицврстете со ластиче. Вака подготвените јајца наредете ги во тенџере во кое сте ја раствориле зелената боја и оцетот. Варете ги јајцата на тивок оган, а откако водата ќе зоврие, варете уште 8 до 10 минути. Откако јајцата ќе се сварат, истурете ја топлата вода и веднаш налијте студена вода. Отстранете ги марамчињата од јајцата, исчистете ги лушпите од кромид од секое јајце и оставете јајцата добро да се изладат, па потоа со намрсена газа премачкајте го секое јајце.

## Декорирање јајца со салфети

Оваа година направете уникатни велигденски јајца со помош на салфети и домашно подготвен шербет.

Сварете една чаша вода со 5 лажици шеќер и тоа е сосема доволно. Во меѓувреме ги варите јајцата, кои мора да бидат врели во моментот кога ги ставате парчињата салфети над нив. Техниката е едноставна. Трислојната салфета ја делите на најтенки слоеви. Онаа со принт ја сечете според дизајните. За да ви биде полесно лепењето, сечете што помали парчиња. Потоа го ставате парчето салфета на врело јајце и над него со лажица преливајте малку шербет. Салфетата веднаш ќе се залепи за јајцето.

Истото го правите сѐ додека не го обложите целото јајце со салфета.



# Спорт

Нивната одлука беше таква каква што требаше да биде. Пред сè треба да се биде човек и да се прифати реалноста. Тоа е факт, има нови првенства и нема плачење.

**Игор Карачиќ, хрватски репрезентативец**

**Ракомет** Хрватот ја призна грешката на ЕП

# Карачиќ: Им симнувам капа на Начевски и Николов

Хрватскиот репрезентативец и поранешен играч на Вардар Игор Карачиќ призна дека направил грешка и правилна била одлуката на македонските судии да му досудат чекори пред крајот на финалето кое коцкестите го изгубија



Годинава на Европското првенство репрезентацијата на Шпанија ја освои титулата откако во големото финале во Стокхолм ја совлада Хрватска со 22-20.Тоа финале го судеше најдобрата македонска двојка Ѓорѓи Начевски и Славе Николов, кои се најдоа на „удар“ кај Хрватите веднаш по завршувањето на завршниот дуел за златото.

Во самиот финиш од средбата Хрватите имаа напад за израмнување, топката ја имаше поранешниот Вардарец Игор Карачиќ, кој според нашите судии направи чекори.

Хрватските репрезентативци во тој момент знаеја колку е клучен нападот и не можеа да поверуваат во одлуката на Николов и Начевски. После тоа финале и селекторот на „коцкастите“, Лино Червар изјави дека неговата селекција беше оштетена од Македонците.

Неколку месеци подоцна еден од организаторите на играта Карачиќ, во интервјуто за „Балкан-Хендбол“ призна дека сепак македонските судии имаа правилна одлука.

– Им симнувам капа за тоа што досудија, сосема е исправно. Се случи грешка, ние скапо ја плативме. Нивната одлука беше таква каква што требаше да биде. Повторно ги видов на мечот меѓу Киелце и Кил и имавме сосема нормален и коректен однос. Пред сè треба да се биде човек и да се прифати реалноста. Тоа е факт, има нови првенства и нема плачење. Јас сè уште не можам да објаснам како можеше да се случи да ги направам тие чекори, едноставно во тој момент ви се вртат низ главата 300 акции, си мислите дека ја водите топката, а всушност не ја тапкате – се зборовите на Карачиќ.

**Италија** Серија А

## Роберто Баџо најдобар во последниве три децении



Додека Италија ја продолжува борбата со пандемијата на коронавирусот, италијанското издание на Евроспорт одлучи да ги остави активни фудбалските фанови и организираше гласање за најдобриот фудбалер во Серија А во последните 30 години.

Во игра беа сите фудбалери што настапувале или настапуваат во Серија А од 1990 до 2020 година, а на големо изненадување фановите за најдобар играч го избраа Роберто Баџо.

Во финалето, Баџо со 54 проценти од гласовите го победи Луис Назарио да Лима Роналдо. Во полуфиналното гласање Баџо беше подобар од Андреа Пирло, додека Роналдо го победи Франческо Тоти.

**Фудбал** Шпанија

# Барса планира спектакуларна размена со Челси

Шпанскиот тим Барселона во летниот преоден рок има три желби, да ги ангажира Нејмар од ПСЖ и Лаутаро Мартинез од Интер и да се ослободи од фудбалерите што не ги исполнија очекувањата, а згора на тоа го оптоваруваат буџетот со нивните големи плати. Највисоко на листата за отстрел е името на Фелипе Кутињо и неговата продажба ќе биде еден од најголемите приоритети.

Во управата на Каталонците се свесни дека никој нема да плати 120 милиони евра колку што тие му дадоа на Ливерпул пред две години и затоа го нудат на попуст за само 60 милиони евра, а подготвени се и за размена.

Барселона планира да преговара со Челси, кој пројавува огромен интерес за Кутињо и нема да бара пари туку сака размена. Тие во замена за Кутињо го сакаат одличниот француски репрезентативец Нголо Канте, кој исто така се наоѓа на радарот на Зинедин Зидан и Реал Мадрид.

Весникот „Мундо депортиво“ пишува дека оваа размена е повеќе од реална, бидејќи Кутињо е долгогодишна желба на Челси и се подготвени да разговараат со Барселона за размена во летниот преоден рок.

Фелипе Кутињо сезонава игра во Баерн Минхен како позајмен играч и на 32 натпревара постигна девет гола и има осум асистенции, но германскиот тим одлучи да не го откупува неговиот договор од Барселона.

**Велосипедизам.**

# Тур де Франс ќе се вози во септември

Најголемата велосипедска трка на светот, Тур де Франс, очекувано нема да се одржи во закажаниот термин. Причина за тоа е продолжувањето на забраната за групни собири во Франција. Според светските медиуми, новите датуми за одржување на трката се од 29 август до 20 септември.

Привичната забрана за одржување групни собири во Франција беше до 11 мај, но поради лошата ситуација со коронавирусот, таа е продолжена до средината на јули. Тоа значи дека трката не може да почне на 27 јуни и да заврши на 18 јули, како што беше планирано.



Организаторите одбија опција делови од трката да се возат без навивачи, бидејќи тоа било спротивно на традицијата на најпознатата трка. Имаше и таква идеја, но покрај тоа што е спротивна на традицијата, многу тешко може да се спроведе од организациски аспект.

**Тенис** Драматично заминување на нашата шампионка од САД

# Маринковиќ: Го фатив последниот авион

**Повеќекратната македонска државна шампионка и репрезентативка Катарина Маринковиќ подолго време со успех игра и студира во САД. По избивањето на кризата со коронавирусот, одвај успеала да замине оттаму, но во Скопје не успеала да дојде поради затворениот аеродром. Сега е во Србија, каде што е во карантин**



**Благоја Георгиевски**

Македонската тенисерка Катарина Маринковиќ, која пред повеќе од една година замина да студира политички науки во САД, во престижниот Универзитет „Џорџ Вашингтон“ во престолнината на оваа земја, имаше драматично искуство враќајќи се дома, кога завладеа кризата со коронавирусот. Маринковиќ, која е повеќекратна шампионка и репрезентативка на Македонија, во моментов е во Србија, каде што успеа да стигне од САД. Во карантин е и засега останува кај нашиот сосед, затоа што вели дека тешко би издржала уште еден карантин ако се врати во Скопје.

- Се вратив од САД пред дваесетина дена. Првин нè уверуваа дека ситуацијата е под контрола и дека нема потреба да се грижиме, но еден ден добивме имејл што нè извести дека предавањата се префрлаат онлајн до почетокот на април и да го напуштиме кампусот за тој временски период. Јас отидов кај моја другарка во Охајо додека не добиеме инструкции за понатаму, па по неколку денови нè известија дека целиот семестар ќе се одвива онлајн и дека сите мора да го напуштат кампусот (освен исклучоци што немаат услови да се вратат дома) инаку ќе бидат казнети. Аеродромот во Скопје во меѓувреме затвори, но јас бев решена да се вратам и да бидам со моето семејство. Не знам што би правела доколку останев заглавена во Америка на подолг период во вакви услови. Одвај успеав да се качам на последниот лет за Белград со моето српско државјанство и тоа беше огромно олеснување за мене – вели Катарина. Таа во својот универзитет беше прогласена за дебитантка на годината поради своите спортски успеси, а и на академско ниво беше исто толку успешна. Има повеќе спортски и студентски признанија. Но коронавирусот привремено го наруши тоа. Ситуацијата се сменила прекуноќ.

**Аеродромот во Скопје во меѓувреме се затвори, но јас бев решена да се вратам и да бидам со моето семејство. Не знам што би правела доколку останев заглавена во Америка на подолг период во вакви услови**

### Цимерка тестирана на коронавирус

- Ситуацијата беше многу непредвидлива, па управата на факултетот беше во контакт со нас на дневна база. Секој ден добивавме детален извештај од претседателот на факултетот и од медицинскиот тим во кој беа наведени сите есенцијални информации за нас, студентите. Пред сè, тие се обидуваа да смират каква било паника, шпекулации и предрасуди спрема другите студенти. Потоа нè известуваа за бројката на заразени во Вашингтон и дали има случаи кај студенти од самиот факултет. Цимерка во мојот стан беше на конференција во Владата на која некој бил позитивен на вирусот, па веднаш медицински лица во заштитни костуми ја однесоа во Медицинскиот центар, но за среќа резултатите беа негативни. Добивавме јасни рестрикции за нашето движење и однесување, како и безброј ресурси за психичка и финансиска поддршка, доколку е потребна. Најпрвин се почна со советувањето за миење раце, избегнување големи групи итн. Потоа почна и откажување на настани. Потоа добивме известување дека наставата ќе се префрли онлајн. Но, продолживме со тренинзи и натпревари и добивме дозвола да останеме на кампусот бидејќи сме спортисти. По неколку денови и сезоната се откажа, па така и спортистите мораа да го напуштат факултетот - раскажува нашата спортистка. Сепак, на факултетот останале неколкумина студенти.

**Додека бев во Америка и сè беше неизвесно, бев под огромен стрес бидејќи сум толку далеку од дома. Не знаевме дали целата земја ќе биде ставена под „локдаун“, па се плашев дека ќе останам сама и заглавена подолг период**



- Јас сум во контакт со некои од студентите и тие немаат ограничување во движењето, често шетаат до познатите вашингтонски споменици, но задолжително носат маска. Велат дека кампусот е речиси празен, но луѓето сè уште излегуваат да трчаат или да се шетаат во градот. Факултетот ни даде огромна поддршка, бевме известувани за сите информации со кои управата располага и тие пристапија максимално професионално – вели Катарина, која била под огромен стрес и одвај успеала да се врати.

### Аеродромите се затвораа еден по еден

- Додека бев во Америка и сè беше неизвесно, бев под огромен стрес бидејќи сум толку далеку од дома и ја немам таа можност како другите студенти по неколку часови возење да стигнам дома без разлика што се случува. Не знаевме дали целата земја ќе биде ставена под „локдаун“ и какви рестрикции ќе бидат воведени, па се плашев дека ќе останам сама и заглавена на подолг период. Европските аеродроми еден по еден се затвораа и земјите ги затвораа своите граници, а директен лет од Америка за Скопје нема. За среќа, успеав да купам карта и да се вратам во Србија, тоа веднаш беше огромно олеснување за мене и за моето семејство, кое сега се наоѓа тука поради мене. На почетокот на задолжителната 28-дневна изолација ми беше многу тешко, се чувствував осамено и дезориентирано, не можев да спијам ниту да јадам, бидејќи речиси цело време бев затворена сама во една соба, а и имав многу за учење. Но, по првите 10 дена се навикнав и почнав да функционирам нормално, сега веќе ми е 26-ти ден и имам контакти и со семејството – вели нашата тенисерка, која планира кога ќе мине кризата, да ја продолжи својата спортска кариера.

- Последниот меч што го имавме беше на 11 март. По победата нè известија дека остатокот од сезоната е откажан. Дотогаш трениравме нормално, но оттогаш немам играно тенис. Добра вест е што сите студенти атлети добија уште една година за натпреварување, според НЦАА. Што значи тоа? Сите студенти се квалификувани да се натпреваруваат четири натпреварувачки сезони. Но, сезоната е откажана за оваа година, па така студентите останаа покуси за една сезона. Дополнителната година студентите ќе може да ја искористат за натпреварување по завршувањето на студиите – вели Маринковиќ. Додека таа сè уште била во САД, немало строги рестрикции.

- Не можам да кажам дека беа претерано строги, додека бев таму немаше рестрикции во движењето. Сите барови, ресторани, клубови се затворени, а спортски и други настани се откажани, исто како кај нас. Но, Вашингтон и повеќето држави немаат строги рестрикции спрема движењето - нивните мерки се повеќе сугестивни, а не задолжителни. Студент кој е останат во кампусот ми вели дека кога е сончево, некои места се преплавени со луѓе, најмногу родители и мали деца. Мене ми се чини дека политичката сцена во Америка посветува повеќе внимание на економската состојба на земјата отколку на здравствените мерки и на последиците – вели нашата тениска претставничка на студентската спортска сцена во САД

## Скандинавски крстозбор

**30 минути**




**РЕШЕНИЕ:** ВИНОНА РАЈДЕР, СМРТ, ЕРИКА, АН, АНАСТАСА, ЕТИКА, АСТЕРИСК, ТЕК, ЕТОРЕ СКОЛА, ТОРИНО, ПРИЛИКА, НА, МАРИНА, ШИРИНА, ДИСКОВИ, ЕЛА, НАНА, ПРОТАСОВА, ИГ, БАЊА, ИРАНИСТ, АЛО, А, РЕ, ТРАГИКА, АЧИКОТ, И, КАИТА, АПЕЛИРАЊА

## Шах

**ПРОБЛЕМИ ВО ДВА ПОТЕГА**







## Мозаичен крстозбор

**15 минути**



**5 букви:** АКТЕР, БРАУН, ИСПИТ, МОТОР, РАПИД, СЕВЕР, СФЕРА, ТРОПИ
**6 букви:** ЕСТРИН, ИКАМЕТ, КАВАЛА, КИГАЛИ, МЕСИНА, ПЕТРОВ, ПРАТКА, РИХТЕР, СТРАСТ
**7 букви:** АНТИМОН, БАКСТЕР, КАТИНАР, МАТРИЦА, МОНОЛИТ, ОДГОВОР, ОМОРАНИ, ПАТОПИС, ПОЛИГОН, РЕФЕРАТ, СЕПТИМА
**8 букви:** АНАКОНДА, КАРАВЕЛА, ЛЕТУВАЊЕ, МИСТРИЈА, РЕТОРИКА, РЕЦЕСИЈА
**9 букви:** АНАТОМИЈА, ДЕПОРТИВО, СКАЛИНАДА
**10 букви:** ДАЛТОНИЗАМ, КАТЕРПИЛАР, МАСАЧУСЕТС, РАЗВИГОРЕЦ, ТАРТАКОВЕР
**11 букви:** ИНСПЕКТОРАТ

## Судоку

**15 минути**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6 | | | 3 | 1 | 5 | 8 |
| 2 | | | | | 1 | | | |
| 3 | | 1 | 8 | 7 | | | | 4 |
| 5 | | | | | | | 7 | |
| | | | 4 | | 2 | | | |
| | 3 | | | | | | | 2 |
| 4 | | | | 1 | 9 | 7 | | 3 |
| | | | 6 | | | | | 5 |
| 8 | 1 | 2 | 3 | | | 6 | | |

Решение:7469231582985413673518769245291384766
87492531134765892465219783973684215812357649

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 | | | | 7 | | | 6 |
| | | 2 | 4 | | 8 | | | |
| | | 7 | | | 1 | 8 | | |
| 1 | | | 3 | | 5 | 7 | | |
| 2 | | | 9 | | 4 | | | 8 |
| | | 5 | 1 | | 2 | | | 9 |
| | | 9 | 8 | | | 5 | | |
| | | | 7 | | 9 | 6 | | |
| 8 | | | 2 | | | | 9 | |

Решение:438597216612438975957621834194385762
263974158785162349349816527521749683876253491

# Скандинавски крстозбор

**30 минути**

АВТОР: "SAGITTARIUS & OPHIUCHUS"

СТРОГО ВОЈНИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ ЗА ИЗДРЖЛИВОСТ | ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТИ СИ АЛФА, БЕТА И ГАМА ЗРАЦИ | ПРЕКУМЕРНОСТ, ЏИНОВСКА ГОЛЕМИНА | ЌИРО ТРУХЕЛКА | МЕСТО КАДЕ ШТО СЕ КОПА РУДА | П | БУГАРСКИ МУСЛИМАН / РУСКА АРТИСТКА ЉУДМИЛА | ДОТЕРУВАЧИ, ОБЛИКУВАЧИ / ТУРСКИ БАЊИ | С | Н | ОБРАЗОВАНОСТ, ЕРУДИРАНОСТ / НАТАЛИЈА НАГАЛЕНО | ЦРВЕНИЛО НА КОЖАТА | ЈАГЛЕРОД | КОЊ СО ТЕМНОЦРВЕНА БОЈА, ДОРИЈА | Д | З | ЈУЖ. АМЕР. УКРАСНО РАСТЕНИЕ / ГРАД ВО БУГАРИЈА | РИЦАРСКА ЗАШТИТНА МЕТАЛНА ОБЛЕКА, ПАНЦИР | ПИСАТЕЛОТ ЧОМСКИ

ЕКС СЕЛЕКТОР НА НАШАТА ФУДБАЛ. РЕПРЕЗЕНТ. | АМЕРИК. АРТИСТ НАНСИ / КАЛИУМ

АРТИСТИ СО МИМИКА | КУСО, НЕДОЛГО / КАРАТ

ФРАНЦУСКИ ХРОНИЧАР АДОН | ПАРАЛИЗИРАН ЧОВЕН / РЕКА ВО СРБИЈА | ДЕЛО ОД ШАТОБРИЈАН / „АД АКТА“

ПРЕКАР НА СЛИКАРОТ АНРИ ТУЛУЗ ЛОТРЕК | ПАРТИСКО ТЕЛО ИЛИ ФОРУМ / ПЕЈАЧОТ КУПЕР | ПОТКОЖЕН ОТОК / ЛУЃЕ СО НАЈГОЛЕМИ БАРАЊА

ИТАЛ. СКИЈАЧ АЛБЕРТО / ВИД АЛВА | ДОЗВОЛА ЗА ВЛЕЗ ВО СРАНСТВО / ЗАПРЕПАСТЕНОСТ | АРТИСТКА ТОМПСОН / ПИЛУЛА | СРП. СЛИКАР НАИВЕЦ МИЛАН / ЌЕРКА НА БАРОН | ДЕЛ ОД ЛИЦЕТО (МН.)

Т | ТУРСКА ЖЕНА / РЕЖИСЕРОТ ПОПОВ | АРТИСТОТ ТАЈЛОР / СТОЈАН ТАРАПУЗА | УРАНИУМ / ДОМАШНО ЖИВОТНО (МН.)

Е | СООБРАЌАЕН ЗНАК / НИКОЛА ПЕТКОВСКИ | ШВАЈЦАР. ФУДБАЛСКИ КЛУБ / ПОКАЗНО ЗБОРЧЕ

ГЛАВЕН ГРАД НА АЉАСКА / СЈУ ТОМСОН СМИТ | БРАЗИЛСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ / ГРАД ВО КАЗАХСТАН | ВИД ЗАЧИН / СТ. ЕЛИН. ЦРЕПЧЕ НА КОЕ СЕ ПИШУВАЛО

НАРОДНО ЖЕНСКО ИМЕ | ФИЗИЧКИ НАТПРЕВАР (МН.) / ДЕЛ ОД ОБЛЕКА | „ПЕТЛЕ“ НА ПУШКА (МН.) / СЕЛО ВО РЕСЕНСКО

ОЛЕГ ВИДОВ | ЛЕОНИД ЈАКОВЛЕВИЧ ЕГОРОВ / МАСТИЛО (АНГЛ.) | ЛИТИУМ / АРТИСТОТ И ПЕЈАЧ МОНТАН | КРАТСКИ НАУЧНИ СОБИРИ / ВЕСТ СО СЛИКА | УЧЕСНИК ВО ТРКА НА 42.195 м.

СОСРЕДОТОЧУВАЊЕ НА МИСЛИТЕ | ФАДИЛ ТОСКИК / МАКАРСКА | СТРАНСКО ЖЕНСКО ИМЕ / ГРЧКИ КОШАРК. ТИМ | МЕТАР / СТРАНА НА ПРАВОАГОЛЕН ТРИАГОЛНИК

П | ЕТИЧАР / ПИСАТЕЛ СО СЛИКОВИТ СТИЛ | МОДЕЛ НА „ФОРД“ / НАРОДЕН МУЗИЧКИ ИНСТРУМ.

РАЗЛИЧЕН / ЕДНА ТРИГОНОМЕТРИСКА ФУНКЦИЈА | ЖЕНСКО ИМЕ / ВИД ЈАДЕЊЕ | ОБЛАСТ ВО ГЕРМАНИЈА / СРЕДСТВО ПРОТИВ БИГОР

ПЕТАР ЛУБАРДА / ДИВО ЖИВОТНО | ЕДЕН РОДИТЕЛ / ВИД МОРСКИ РАК | ЈАПОНСКИ ОСТРОВ / ЕДЕН РИМСКИ РИД | ВИСИНСКА ТОЧКА / ЛИЧНА ЗАМЕНКА

Х | ЗАСРАМЕН, ПОСРАМОТЕН | АЛЧНОСТ / СКРШЕН, МИСТЕРИОЗЕН | ЅИДНА ОБЛОГА / ПОЗИТИВ. АТОМСКА ЧЕСТИЦА

ТОМАС МОРГАН АЛТМАН | ТОКСИЧЕН / РЕФЕРИРАЊЕ (МН.) | ПИСАТЕЛОТ НИЕВО / ТРУЕЊЕ СО 'РЖЕНА ГЛАМНА

Б | ЕЛЕКТРОН / ВЕШТИ ПОЛЕМИЧАРИ | ВИД МАШКО ПАЛТО / АЗОТ

ГЛ. ГРАД НА АРГЕНТИНА / ПРИЛОГ ЗА МЕСТО | ВНАТРЕШНО / ОЧЕН ЛЕКАР | ОЛАФ АУК РУСТ / ГОРЕЊЕ, ПЛАМЕН | ШПАНИЈА / АПКА, ЗАЛАК

З | РОБЕРТ ГРИН / ГРАД ВО ШПАНИЈА | ЗВУК / ЗЕМЈА ОД РОМАНОТ ЗА ГУЛИВЕР | КАРЛ ЦАЈС / ХЕМИСКИ ЕЛЕМЕНТ

ЗАЛЕТАНОСТ СО ТРЧАЊЕ / Њ И | ЕДИ МАРФИ / „АВЕНИЈА“ | НАУКА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ТБЦ / СПЛИТ | ГРАД ВО БиХ

ЕЛЕКТРОН | СВИДЕТЕЛСТВО, СЕРТИФИКАТ / КАЛИУМ | ПРЕЛАДЕНОСТ / МЕСТО БЛИЗУ МАВРОВО

"СЛОБОДЕН ПЕЧАТ" | ПЕДЕСЕТ КИЛОГРАМИ | НАЧИН НА ПИШУВАЊЕ / СТАР ЧОВЕК, ДЕДО | НЕУТРОН / САРАЕВО | ПОДАРОК / МЛЕКО (ЛАТ.)




ВИД ПОЧВА | „ИНСТИТ. за ЗЕМЈОТР. ИНЖ. и СЕИЗМОЛОГ.“ / ПРЕСТИЛКА | ЛУМЕН / ОСТАТОК | ЈАМАЈКА / АВСТРИСКИ ПОЛКОВНИК ФРАЊО

РОМАНСКИ ФУДБАЛЕР АДРИЈАН | МАШИНА, НАПРАВА / СИТНА ИНДИСКА ПАРА | ВОЛТ / ОПЕРСКИ МЕЛОДИИ

П | ФИЛМСКО ПЛАТНО / ГРАД ВО ЕГИПЕТ НА СИНАЈ

ПРИЛОГ ЗА ВРЕМЕ / ФРАНЦУСКИ ФУДБАЛЕР БЛАН | КЛАВИШ (МН.) / ТЕТОВО

БИВШ ГЕРМАНСКИ ФУДБАЛЕР ВОЛФГАНГ | МЕСТО БЛИЗУ СТРУМИЦА / ДЕНАР

*НАШ ЕКС ФУДБАЛЕР (ФОТОС)*

**ЧИТАЈТЕ „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“**

# Забава

## Занимливости.

## Се роди двоглаво јаре на американска фарма

• Јаре со две глави се родило на фарма во САД. Џозелин Нујеск, која на фармата каде што се родило јарето е задолжена да се грижи за козите, забележала дека додека козата се породувала, нешто чудно се случува, па се обидела да ѝ помогне. Кога јарето се родило, Џозелин била шокирана кога видела дека наместо една има две споени глави.

- Почнав да помагам, но на почетокот бев навистина збунета и не знаев што навистина треба да се прави. Потоа видов. Имаше јаре со две глави, со две уши, четири очи и два носа. На фармата вообичаено се раѓаат и по 700 јариња во текот на една година, но досега вакво нешто не се случило – рекла таа.

Сепак, ваква појава се случува и кај животните и кај луѓето, иако за среќа е исклучително ретка. Тоа се случува кога ембрионот требало да се раздвои за да се родат близнаци, но одвојувањето не се случило целосно.



## „Со духови“ по улиците ги плашат луѓето да останат во самоизолација

• Дел од жителите на Кепух, село во Индонезија, на уникатен начин се обидуваат да ги натераат своите соселани да седат дома во самоизолација, со цел да го спречат понатамошното ширење на коронавирусот.

Имено, во селото се спроведува патрола од „духови“ по идеја на селската младинска група, чии членови сакале да направат нешто различно, но и да има ефект во борбата против ширењето на коронавирусот.

Акцијата се спроведува во координација со полицијата, меѓутоа првично довела во спротивен ефект, па наместо да ги задржи мештаните во своите домови, тие излегувале за да ги видат духовите. По ваквиот контраефект, организаторите ја смениле тактиката, па почнале ненајавено да прават патроли.

Како духови со бели чаршафи, патролираат селани волонтери.



## ВИЦОВИ



**СТРАДАЊЕ**

- Зарем вие не се оженивте неодамна, а никогаш не можам да го видам вашиот сопруг? - ја прашува жена својата нова помлада сосетка.

- Да, но мојот сопруг ненадејно почина речиси еден месец по нашата свадба.

- Ах, што ми велите! Но, барем сиромавиот човек не страдал долго.

**ГОСТИ**

Трпана му вели на синот:

- Трпе, ако одиш по училиште кај твојот пријател Мирко, кажи им на неговите родители дека не можам да ги посетам вечерва затоа што не се чувствувам добро.

Трпе отишол кај Мирко, се сетил речиси на сите зборови од мајка му, но пораката ја пренел вака:

- Мајка ми вели дека нема да дојде кај вас вечерва, затоа што не се чувствува добро кога ви доаѓа на гости.

**ПОЛИЦИСКИ ЧАС**

Воведен е полициски час во Босна и Херцеговина како резултат на коронавирусот. Владата донела нова одлука дека полицијата може да пука во секој што е на улица по 20 часот и така полицајците Мујо и Хасо патролираат по улиците на Сараево.

Мујо здогледува човек како чекори со брзо темпо па погледнува во часовникот - 19:50 часот. Тој го вади пиштолот, почнува да пука кон човекот и го убива. Хасо шокирано извикува:

- Зошто го уби човекот, сè уште не почнал полицискиот час! Има уште 10 минути.

Мујо му одговорил:

Друже, знам каде живее човекот, нема шанси да стаса дома за 10 минути!

## Деновиве пред години.






МАНИФЕСТ
НА
АСНОМ
АНТИФАШИСКОТО СОБРАНИЕ ЗА НАРОДНО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
1944

**1844.** Во Париз е роден Жак Анатол Франс Тибо, француски романсиер, сатиричар и критичар. Негови најпознати дела се „Современа историја“, „Злосторството на Силвестер Бонар“, „Бунтот на ангелот“, „Боговите се жедни“ и други. Во 1921 година ја добил Нобеловата награда за литература. Умрел на својот имот Ла Бошлери, кај Тур, на 12 октомври 1924 година.

**1862.** Францускиот цар Наполеон Трети му објави војна на мексиканскиот претседател Бенито Хуарес. По повлекувањето на француските трупи во 1867 година, царот узурпатор бил стрелан, а Хуарес повторно бил избран за претседател.

**1889.** Во Вилворт, предградие на Лондон, е роден Чарли Спенсер Чаплин, англиски филмски артист, сценарист, режисер, најпознат светски комичар на 20 век. Има снимено 75 кусометражни и долгометражни филмови. Најпознати негови филмови се „Кучешки живот“, „Потрага по злато“, „Циркус“, „Светлините на велеградот“ и „Господин Ведру“. Починал во швајцарскиот град Вевеј, на брегот на Женевското Езеро, на 25 декември 1977 година.

**1945.** Во Скопје, на Второто вонредно заседание на АСНОМ, што се одржа од 14 до 16 април, беа донесени значајни акти за натамошниот развој и афирмација на македонскиот народ. Меѓу другото, АСНОМ е преименуван во Народно собрание на Демократска Федеративна Македонија. Најзначаен акт донесен на заседанието е формирањето на првата Влада на ДФМ. Прв претседател на Владата беше Лазар Колишевски. Формирањето на Владата спаѓа меѓу најзначајните државно-правни акти, со кои е заокружено конституирањето на народната власт, како и афирмирањето на државната и националната самобитност на македонскиот народ.

## Избор од ТВ-програмата



**21:05** 24 ВЕСТИ
**Женски рај**
играна серија



**23:15** ТЕЛМА
**Ужасни шефови**
филм



**21:30** КАНАЛ 5
**Забрането јаболко**
играна серија

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 06:45 | Македонија наутро |
| 12:15 | Бушава азбука |
| 14:35 | 1000 години Охридска архиепископија |
| 17:45 | Тунел |
| 20:15 | Преспав - серија |
| 21:10 | Трст виа Скопје - ТВ серија |
| 22:10 | Мост - серија |
| 23:40 | Јас,Господ и Осама Бин Ладен |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 11:10 | Топ тема |
| 12:45 | Телма Амбуланта |
| 13:45 | 90 минути |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Вин Вин |
| 20:35 | Топло - ладно – серија |
| 22:15 | Бесрамници – ерија |
| 23:15 | Ужасни шефови – филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Визита |
| 11:10 | Ние и вие - премиера |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Тажна жена – серија |
| 20:30 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:30 | Забрането јаболко – серија |
| 00:30 | Бекстејџ |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Очи в очи |
| 10.15 | Фактор Здравје |
| 11.00 | Во Тек |
| 16.00 | Очи в очи |
| 17.45 | Отворено Студио |
| 20.40 | Столици |
| 21:05 | Женски рај |
| 22:45 | Трилинг |
| 23:15 | 24 анализа |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:45 | Ја сакам Македонија |
| 10:00 | Дива земја – серија |
| 12:10 | Практична жена |
| 17:00 | Брза кујна |
| 17:50 | Се или нешто |
| 19:45 | Близнаци |
| 21:00 | Сестри – серија |
| 22:00 | Истанбулската невеста – серија |
| 23:40 | Полицајци почетници – серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 13:15 | Да се заљубиме - серија |
| 16:40 | Попладне |
| 15:30 | Бескрајна лубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Патот кон... со Арта Тахири |
| 22:00 | Мојата керкичка |

### HBO



Херкул 15:15

| | |
|---|---|
| 06:00 | Време на невиност |
| 08:20 | Празен град |
| 10:25 | Младиот Шелдон III |
| 11:10 | Лего филм 2 |
| 13:00 | Хари Потер и редот на фениксот |
| 15:15 | Херкул |
| 16:50 | Аладин |
| 19:00 | Заговорот против Америка |
| 20:00 | Мистерии од крстосборот 2 |
| 21:30 | Жените на Троја |
| 22:30 | Аксиос III |
| 23:10 | Натрапник |
| 00:50 | Соба за бегство |
| 02:30 | Егзорцизам |
| 03:55 | Лошиот Дедо Мраз |

### HBO 2



Ритамот на лудилото 19:00

| | |
|---|---|
| 06:00 | Пингвини |
| 07:20 | Епик |
| 09:00 | Ноќ во музејот |
| 10:50 | Големи мали лаги |
| 11:40 | Потпретседателка II |
| 12:10 | Одмаздници: Завршница |
| 15:05 | Луѓе во црно: Интернационала |
| 17:00 | Мојата генијална другарка |
| 18:00 | Несигурна IV |
| 18:30 | Богство кон љубовта, |
| 19:00 | Ритамот на лудилото |
| 20:45 | Гран Торино |
| 22:40 | Сомнеж |
| 00:25 | Чарлиевите ангели 2 |
| 02:10 | Што можеш во Денвер кога си мртов |

HBO



### НАТРАПНИК

Кога младиот брачен пар (Мајкл Или и Меган Гуд) ја купуваат својата куќа од соништата во Напа Вели, тие мислат дека го нашле својот совршен дом за да преземат нови чекор како семејство. Но кога чудно привразниот продавач (Денис Квејд) продолжува да им се инфилтрира во животите, тие почнуваат да се сомневаат дека тој има скриени мотиви зад брзата продажба.

### ГРАН ТОРИНО

HBO 2



Клинт Иствуд, режисерот добитник на награда од Академијата се враќа на режијата и актерството, за првпат откако беше номиниран за оскар во Девојка од милион долари. Пензиониран автомеханичар, ветеран од корејската војна и вдовец Волт Ковалски (Иствуд) чека да му помине остатокот од животот. Сите негови соседи се иселени или починале, и се заменети од Хмонг имигранти кои тој ги мрази, и бесцелни банди сочинети од Афро-американски и Латино тинејџери. Тогаш, некој се обидува да му го украде ценетото Гран Торино, колата која тој помогнал да се направи на неговата линија за склопување. Со тоа што им се спротиставува на крадците, Волт Ковалски станува случајниот херој кој ги менува животите на своите соседи...

HBO



### СОБА ЗА БЕГСТВО

**Една таинствена покана спојува шестмина луѓе што не се познаваат меѓусебно. Прво тие мислат дека се собрани за да избегаат од некоја соба за бегство, но наскоро откриваат дека се пиони во садистичка игра во којашто животот ќе им виси на конец. Тие заедно се обидуваат да ги решат загатките, па на крајот откриваат дека обелоденувањето на нивните најмрачни тајни може да биде клучно за нивното преживување.**

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.



• Денес, вашата креативност ќе биде позитивен фактор што ќе ви помогне да ги решите деловните проблеми. Можеби сте подготвени за сериозен разговор за деца. Сакате промена во односот со вашата сакана личност. Вашата варење е чувствително. Ќе имате можност да направите позитивни промени. Можно е да имате запознавање со личност која ќе покаже желба за посериозна врска.

**Бик**
21.4 - 20.5.



• Учете и подгответе се за поквалитетно работно место. Ова што сега го работите е добро, но можете и подобро. Оние што го рашириле кругот на деловни контакти и врски, денеска ќе искористат нешто од тоа. Ќе ве измачува недостиг од самодоверба. Ќе гледате една личност, но ќе се двоумите како да ѝ приједете. Совет: верувајте во поубаво утре.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.



• Копнеете по раширување на вашите хоризонти, но и самите знаете дека тоа е невозможно. Работете на вашиот напредок онолку колку што ви дозволуваат условите и запомнете дека набрзо сѐ ќе биде поинаку. Ова е одличен ден за вас за сортирање стари фотографии и прередување албуми. Пловењето во минатото ќе ви буди прекрасни емоции.

**Рак**
22.6 - 22.7.



• На емотивно поле, се однесувате мошне ладно кон саканата личност. Време е да научите да поминувате преку гордоста. На професионален план, не носете заклучок без да ги добиете сите информации. Сакате да започнете некои промени на работно поле, но потребна ви е поддршка од една важна личност. Викендот пред вас е добар за концентрирано размислување во самотија и тишина.

**Лав**
23.7 - 23.8.



• Вашата состојба на работа е стабилна и немате големи грижи. Денес е многу поволен ден за вас. Во сегашната ситуација, не е лесно да најдете заеднички јазик со вашата сакана личност. Поволен период за слабеење. Можно е да сте доста загрижени за вашата врска. Односот со вашиот партнер се влошува од ден на ден. Ве очекува подобро здравје.

**Девица**
24.8 - 23.9.



• Вашите колеги би можеле да ви создадат тензија без премногу голема причина. Многу ќе ви недостасува присуството на член од семејството. Не ви е доволно да му го слушнете гласот? Најдете начин како да се поврзете поинаку. Ова е одличен ден за подобрување на односите и со роднините кои одамна не сте ги виделе. Стапете во контакт и прашајте ги како се.

**Вага**
24.9 - 23.10.



• Денес ќе имате добро расположение и ќе сакате да разговарате со блиските. Не се затворајте само дома, излезете на тераса или во двор, дишете воздух. Ако работите, нема да имате многу време, па ќе мора да се организирате добро. Завршете ги обврските пред празникот. На љубовно поле мора да покажете поголема толеранција. Потребна ви е хармонија.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.



• На емотивно поле, мал дисбаланс во чувствата ќе бидат со преоден карактер, па немојте на тоа да придавате некакво значење. На професионално поле, ќе се покаже дека вие имате повеќе заслуги за некои деловни резултати отколку вашите шефови, но немојте тоа да го потенцирате. Оние чија работа е поврзана со млади луѓе, ќе бидат дополнително ангажирани.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.



• Ова не е многу поволен ден на работно поле за вас. Барате начин како да започнете да комуницирате со симпатијата? Направете го тоа директно, па дури и да ги издадете вашите чувства. Понекогаш во животот вреди да се ризикува и да се следи прво срцето, а потоа разумот. Веќе сте ја пронашле вашата „половина"? Не ја земајте врската здраво за готово. Мора да се грижите за неа за таа да расте.

**Јарец**
22.12 - 20.1.



• Може да очекувате помали компликации кога станува збор за работата. Ако бидете трпеливи, ќе решите сѐ. Ако сте сингл, личноста која ви се допаѓа ќе покаже дека на некој начин е дистанцирана од вас. Ако сте во врска, пред вас е шанса на саканата личност да ѝ покажете како се чувствувате покрај неа. Немате проблеми со здравјето.

**Водолија**
21.1 - 18.2.



• Ништо нема да ви го расипе расположението, а ѕвездите ќе ви се насмевнат. Ќе се ослободите од сомнежи и ништо нема да допира до вас. Слушајте совети од искусни, но на крај вие носете ја одлуката. Ако работите, вие ќе го водите тимот, бидете подготвени и покажете лидерски способности. На љубовно поле време е за отворена дискусија.

**Риби**
20.2 - 20.3.



• Ќе имате јасно дефинирани идеи и ќе мора да работите на нивна реализација за да не стоите во место. Неквалитетниот сон може да ви создаде проблеми, направете промени. Ако работите, време е да направите анализа на вашиот труд во изминатиов период. На љубовно поле минувате низ фаза на промени, но не плашете се. Можни се тешкотии, но избегнувајте бурни дискусии. Останете смирени.

Врз основа на член 522 од Законот за трговските друштва управителот на Друштво за проектирање, промет и услуги ВАЈОМАГ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, ЕМБС5360722, ЕДБ4030999373900, седиште на ул. 1 бр. 161/А Идризово, Гази Баба и управителот на Друштво за трговија ЛИДЕРС КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ЕМБС6348033, ЕДБ4030008026697, седиште на ул.1 бр. 161А, објект/1, вл.1, пр-кацелар.2 Идризово, Гази Баба, на ден 26.3.2020 година, по донесената Одлука за спроведување на постапка за присоединување на двете друштва, како и по склучената Спогодба за присоединување од ден 25.3.2020 година, го даваат следното:

## ИЗВЕСТУВАЊЕ
## за склучена Спогодба за присоединување на едно кон друго трговско друштво

На ден 30.12.2019 година, основачот-единствен содружник на Друштво за проектирање, промет и услуги ВАЈОМАГ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, ЕМБС5360722, ЕДБ4030999373900 и на Друштво за трговија ЛИДЕРС КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ЕМБС6348033, ЕДБ4030008026697, седиште на ул.1 бр. 161А, објект/1, вл.1, пр-кацелар.2 Идризово, Гази Баба – Велко Ристески, адреса на живеење на ул. Теодосиј Синаитски бр. 24б Скопје, Карпош, донесе одлука за отпочнување на постапка за статусна промена во двете друштва, во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва.

**По донесувањето на предметната одлука, основачот-единствен содружник, и органите на управување-управителите на двете друштва, ги преземаа следните законски предвидени дејствија:**

1. Изготвена е предлог-одлука за измена на актот на основање на друштвото што презема, согласно член 252 од Законот за трговски друштва;
2. Изготвена е предлог-одлука за зголемување на основната главнина на друштвото што презема, согласно член 534 од Законот за трговски друштва;
3. Направен е преглед на целокупниот имот на друштвото што се присоединува во постапката за универзален пренос на имотот врз друштвото што презема;
4. Изготвена е Спогодба за присоединување на двете друштва од нивните управители во смисла на член 520 од Законот за трговските друштва и истата е склучена во форма на нотарски акт;
5. Составена е листа на содружници-односно содружник на друштвата со номинален износ на неговиот удел-удели во двете друштва;
6. Направен е список на вработени, со констатација дека не се преземаат вработени од друштвото што се присоединува во друштвото што презема;
7. Доставени се барања за обезбедување согласност од хипотекарните и заложните доверители, за дел од имотот на друштвото што се присоединува, а врз кој е воспоставен товар и обезбедена е ваквата согласност која е составен дел од спогодбата;
8. Изготвени се дописи за известување на познатите доверители на двете друштва, чии побарувања надминуваат 10,000 евра во денарска противвредност, во смисла на чл. 523 од Законот за трговски друштва;
9. Составена е годишна сметка на друштвото што се присоединува, со соодветно искажани биланси на состојба во друштвото што презема, во смисла на член 524 од Законот за трговски друштва;
10. Органите на управување на двете друштва назначија овластени ревизори, за спроведување на ревизија во двете друштва – предмет на статусна промена и изготвување на ревизорски извештај, во смисла на чл. 525 од ЗТД;
11. Органите на управување на двете друштва, во смисла на чл. 526, започнаа со изготовка на извештај за статусната промена и подготовка за конечно одобрување на статусната промена, во смисла на член 526 и 527 од Законот за трговските друштва
12. Извршена е предбележба на статусната промена во ЦР на РСМ

Со оглед на преземените дејствија опишани во точките 1-102, а во смисла на одредбите од член 522, ст. 1 од Законот за трговските друштва, органите на управување на двете друштва, известуваат за статусната промена-спогодба за присоединување на друштвата, склучена во форма на нотарски акт ОДУ бр. 565/2020 на нотар Зафир Хаџи Зафиров од Скопје од 2.4.2020 година, односно ги објавуваат следните податоци од спогодбата:

**1) ФОРМА, ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВАТА КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПРИСОЕДИНУВАЊЕТО**
**А) Друштво што презема**
Форма: ДООЕЛ
Друштво за проектирање, промет и услуги ВАЈОМАГ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, ЕМБС5360722, ЕДБ4030999373900, седиште на ул. 1 бр. 161/А Идризово, Гази Баба, застапувано од овластено лице – Велко Ристески, управител, со адреса на живеење на ул. Теодосиј Синаитски бр. 24б Скопје,Карпош

**Б) Друштво што се присоединува:**
Форма ДООЕЛ
Друштво за трговија ЛИДЕРС КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, ЕМБС6348033, ЕДБ4030008026697, седиште на ул.1 бр. 161А, објект/1, вл.1, пр-кацелар.2 Идризово, Гази Баба, застапувано од овластено лице, Тања Перкова, управител со адреса на живеење на ул. Јордан Хаџи Константинов Џинот бр. 14 Велес,

**2) НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО**
По спроведеното присоединување, називот под кој ќе настапува друштвото во правниот промет ќе гласи:
Друштво за проектирање, промет и услуги ВАЈОМАГ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје
Скратениот назив на друштвото ќе гласи:
ВАЈОМАГ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје
Седиштето на друштвото ќе биде на :
ул. 1 бр. 161/А Идризово, Гази Баба

**3) НАЧИН НА ПРЕНОС НА ИМОТОТ И ОБВРСКИТЕ НА ДРУШТВАТА КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПРИСОЕДИНУВАЊЕТО**
3.1. Се врши универзален пренос на целиот имот и на обврските на друштвото што се присоединува и престанува без ликвидација врз друштвото што презема, со состојба на денот определен во оваа спогодба, според сметководствените показатели.
Друштвото што презема со присоединување станува должник на доверителите на друштвото што се присоединува и доверител на должниците на друштвото што се присоединува.
3.2. Се врши универзален пренос на следниот подвижен и недвижен имот кој претставува составен дел на основни средства по конто-тековна состојба 12/2019 од 20.2.2020 г, составен дел на оваа спогодба во вкупна вредност од 24.696.342,50 денари, во сопственост на друштвото што се присоединува, врз друштвото што презема, од кој како имот, се издвојува:
**1. Недвижен имот – по ИЛ101616 за КО Бутел,**
- КП4916, дел 0, на викано месо/улица Петар Манџуков, катастарска култура-зпз1, земјиште под зграда, со површина од 541 $м^2$
- КП4916, дел 0, бр.1, на ул. Петар Манџуков бр. 1, намена на зграда Б4, влез1, кат ПО, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП-деловна просторија, со вкупна површина од 464 $м^2$ – со запишано право на залог-хипотека, во износ од 1.200.000 ЕУР, каде носител на правото во својство на доверител е Стопанска банка АД Скопје, како обезбедување по Договор за мултивалутна кредитна рамка, бр. 27/1.102-2712а од 13.07.2015 г. со сите анекси, а хипотекарен должник-друштвото што се присоединува Друштво за трговија ЛИДЕРС КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, согласно Нотарски акт, извршна исправа , ОДУ бр. 552/15 од 13.7.2015 година на нотар Елена Пенџерковски од Скопје, а воедно постојат промени во прибележувањата и тоа: закуп, каде во својство на закупувач се јавува КАМ ДОО Скопје со ЕМБС 524576, за рок од 15 години, по Договор за закуп на деловен простор заверен под УЗП 1482/2017 од 9.11.2017 година од нотар Владимир Голубовски од Скопје, а евидентиран е како прибележување и подзакуп, каде како подзакуподавач се јаува КАМ ДОО Скопје, а подзакупец друштвото ШУМАН ДООЕЛ Скопје, на определено време од 2 години, по Солемнизација, потврдување на приватна исправа Договор за подзакуп на деловне простор ОДУ бр. 106/19 од 19.6.2019 г. од нотар Владимир Голубовски од Скопје
- КП4916, дел 0, бр.1, на ул. Петар Манџуков бр. 1, намена на зграда Б4, влез1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП-деловна просторија, со вкупна површина од 459 $м^2$ - со запишано право на залог-хипотека, во износ од 1.200.000 ЕУР каде носител на правото во својство на доверител е Стопанска банка АД Скопје, како обезбедување по Договор за мултивалутна кредитна рамка, бр. 27/1.102-2712а од 13.07.2015 г. со сите анекси, а хипотекарен должник-друштвото што се присоединува Друштво за трговија ЛИДЕРС КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, согласно Нотарски акт, извршна исправа , ОДУ бр. 552/15 од 13.7.2015 година на нотар Елена Пенџерковски од Скопје, а воедно постојат промени во прибележувањата и тоа: закуп, каде во својство на закупувач се јавува КАМ ДОО Скопје со ЕМБС 524576, за рок од 15 години, по Договор за закуп на деловен простор заверен под УЗП 1482/2017 од 9.11.2017 година од нотар Владимир Голубовски од Скопје
**2. Подвижен имот –товарни возила, и тоа:**
- FIAT SEICENTO, товарно возило со регистарска ознака SK 735 VN, идентификационен број на возилото - ZFA1870000132706B
- MERCEDES BENZ, товарно возило со регистарска ознака SK 9312 AB, идентификационен број на возилото – WDB9036111R738709
- FIAT SEICENTO VAN, товарно возило со регистарска ознака SK 614 SH, идентификационен број на возилото - ZFA18700001288736
- FIAT PUNTO VAN, товарно возило со регистарска ознака SK 9672 AM, идентификационен број на возилото – ZFA1990000P195810- Договор за лизинг во корист на ДФЛ ЕВРОЛИЗ АУТО ДООЕЛ Скопје
**3. Подвижен имот** – опрема во сопственост на друштвото што се присоединува – ЛИДЕРС КОМ ДООЕЛ Скопје, со засновано заложно право врз подвижни предмети-опрема (од прв ред врз опишаната опрема од табелата под ред.бр.1,2,3,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25,26,27,28,29,30,31,32 и од втор ред врз опремата опишана под ред.бр. 4,5,6,7,8), каде како заложен доверител се јавува Стопанска банка АД Скопје, врз основа на Нотарски акт, извршна исправа - ОДУ бр. 553/15 од 13.7.2015 година на нотар Елена Пенџерковски од Скопје, а заложен должник – ЛИДЕРС КОМ ДООЕЛ Скопје, а заради обезбедување по Договор за мултивалутна кредитна рамка, бр. 27/1.102-2712а од 13.07.2015 г. со сите анекси, на износ од 1.200.000,00 ЕУР, односно:
**4. Подвижен имот – парични средства:**
- 100 денари, на сметка во Охридска Банка АД Скопје, по извод бр. 104, со состојба од 25.12.2019 година
- 543.721,00 денари на сметка во Стопанска Банка АД Скопје, по извод бр. 195, со состојба од 31.12.2019 г.
- 26.314,00 денари на сметка во Стопанска Банка АД Скопје, по извод бр. 243, со состојба од 31.12.2019 г.
- 150.446,00 денари на сметка во НЛБ Банка АД Скопје, по извод бр. 262, со состојба од 31.12.2019 г.
- 17.580,00 денари на сметка во Халк Банк АД Скопје, по извод бр. 242, со состојба од 31.12.2019 г.
- 71.764,00 денари на сметка во Халк Банк АД Скопје, по извод бр. 201, со состојба од 31.12.2019 г.
- вкупно салдо по Спецификација на денарски финансов промет во износ од 27.895.384,50 денари заклучно со 31.12.2019 г.
- вкупно салдо по Спецификација на девизен финансов промет во износ од 183.552,00 ЕУР заклучно со 31.12.2019 г

**4) ЦЕЛИ, ПРИЧИНИ И УСЛОВИ ПОД КОИШТО СЕ ВРШИ ПРИСОЕДИНУВАЊЕТО**
- Целта на присоединувањето е престанок на друштвото што се присоединува, без ликвидација, со целосен пренос на неговите обврски, средства и капитал на друштвото што презема и коешто е правен следбеник на друштвото што престанува со присоединувањето.
- Причините поради кои се врши присоединувањето е од економски аспект, зарди потреба од концентрација на капитал, технологија, стручни кадри и работна сила, зголемување на ефикасноста во работењето, конкурентноста на пазарот, намалување на трошоците на работење, зголемување на инвестициските можности и развој на друштвото што презема.
**Услови на присоединувањето се:**
- Лицето Велко Ристески од Скопје, адреса на живеење на ул. Теодосиј Синаитски бр. 24б Скопје,Карпош, истовремено е содружник во двете друштва со 100% удел и во двете друштва
- Со присоединувањето, неговиот удел од друштвото што се присоединува, се пренесува во целост во друштвото кое презема во иста номинална вредност, па според тоа, друштвото што презема нема да врши исплати на уделот на содружикот во износ на номиналната вредност на уделот во друштвото кое се присоединува.
- Се зголемува основната главнина на друштвото што презема по основ на пренос на удел на содружникот од друштвото кое се присоединува во друштвото кое презема, во постапката на присоединување. Износот на зголемувањето на основната главнина е еднакво на номиналната вредност на основниот непаричен влог на содружникот Велко Ристоски во друштвото што се присоединува.
- Во друштвото што презема како единствен содружник останува содружникот Велко Ристески.

**5) ВРЕДНОСТ НА АКТИВАТА И НА ПАСИВАТА КОЈА СЕ ПРЕНЕСУВА ОД ДРУШТВОТО ШТО СЕ ПРИСОЕДИНУВА НА ДРУШТВОТО КОЕШТО ПРЕЗЕМА**
Вкупна актива (средства/имот на друштвото) 101.597.064,00 ден
Вкупна пасива (обврски кон доверителите) 95.220.764,00 ден
Капитал и резерви 6.376.300,00 ден
Запишан капитал 413,200,00 ден
Резерви 752.100,00 ден
Пренесена добивка 4.921.173,00 ден
Добивка за тековна година 289.827,00 ден
Вкупна пасива 101.597.064,00 ден
Вредноста на капиталот е утврдена со состојбата на денот на склучување на спогодбата

**6) СООДНОС СПОРЕД КОЈШТО ЌЕ СЕ ВРШИ РАЗМЕНА НА УДЕЛИТЕ**
Нема да се врши размена на удели, бидејќи и двете друштва имаат ист содружник со 100% удел во секое од друштвата.

**7) ПРАВА КОИШТО ИМ СЕ ПРИЗНАВААТ НА СОДРУЖНИЦИТЕ**
На содружникот кој останува единствен содружник во друштвото што презема му се признаваат сите права што ги пропишува ЗТД со одредбите кои се однесуваат на статусот на содружниците во друштвото со ограничена одговорност од едно лице.

**8) НАЧИН НА ПРЕЗЕМАЊЕ НА УДЕЛИТЕ**
Уделот се презема во вкупен износ и се кумулира со уделот на истиот содружник во друштвото што презема.

**9) ДАТУМ ОД КОЈ ПРЕЗЕМЕНИОТ УДЕЛ МУ ДАВА ПРАВО НА УЧЕСТВО НА СОДРУЖНИКОТ ВО ДОБИВКАТА НА ДРУШТВОТО ШТО ПРЕЗЕМА**
Преземениот удел на содружникот му дава право на учество во добивката на друштвото што презема од почетокот на годината во која е донесена одлуката за статусна промена , односно од 1.1.2020 година.

**10) ДАТУМ НА КОЈШТО ЌЕ БИДАТ ЗАПРЕНИ ДЕЛОВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА ДРУШТВОТО ШТО СЕ ПРИСОЕДИНУВА**
Датумот на којшто ќе бидат запрени деловните активност на друштвото што се присоединува е датумот на бришење на друштвото од трговскиот регистар.

**11) ДАТУМ ОД КОГА ЗДЕЛКИТЕ НА ДРУШТВОТО ШТО СЕ ПРИСОЕДИНУВА ЌЕ СЕ СМЕТААТ КАКО ДА СЕ ИЗВРШЕНИ ЗА СМЕТКА НА ДРУШТВОТО ШТО ПРЕЗЕМА**
Друштвата се согласни дека од сметководствена гледна точка зделките на друштвото што се присоединува се сметаат како да се извршени за сметка на друштвото што презема, на 31 декември 2019 г. - како датум на пресек. Деловните активности на друштвото кое се присоединува ќе престанат заклучно со 31 декември 2019 година. По датумот на пресек и престанок на деловните активности на друштвото кое се присоединува, почнувајќи од 1 јануари 2020, сметководствената евиденција за друштвото што се присоединува и за друштвото кое презема, ќе ја води само друштвото кое презема.

**12) РОК ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА**
Годишните сметки за двете друштва ќе се подготват до датумот на настанување на статусната промена (или во рок од три календарски месеци по извршениот упис на статусната промена во трговскиот регистар, според одредбите од ЗТД)

**13) ПОСЕБНИ ПОГОДНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУШТВАТА**
Во постапката за присоединување, никому не припаѓаат посебни погодности.

**14) УСЛОВИ ПОД КОИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЌЕ ИМ ПРОДОЖИ РАБОТНИОТ ОДНОС ВО ДРУШТВОТО ШТО ПРЕЗЕМА**
Сметано од 31.12.2019 година Друштво за трговија ЛИДЕРС КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје кое се присоединува нема вработени. Бидејќи нема вработени кои ќе се преземат од страна на Друштво за проектирање, промет и услуги ВАЈОМАГ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, како друштво што презема, нема да има пренос на вработени.

**ДРУГИ ПРАШАЊА ОД ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕС ЗА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ**
Од причина што двете друштва имаат ист содружик, со 100 % удел во двете друштва, како последица на оваа постапка, а во согласност со Законот за трговските друштва:
- Нема да се врши замена на удели;
- Ќе се изврши зголемување на основната главнина во друштвото што презема, заради непостоење на колизија, односно исполнетост на условите од одредбите член 533 и 534 од ЗТД.
- Нема да им се признаат посебни права или погодности на друштвото кое презема, ниту на органите на управување кои учествуваат во статусната промена;
- Ќе се изврши промена во изјавата за основање на друштвото што презема, во делот од одредбите кои се однесуваат на основната главнина, заради незјиното зголемување;
- Вкупната основна главнина и основачкиот влог на единствениот содружник на друштвото што презема ќе се зголеми и ќе се состои од постоечкиот и запишан паричен влог на друштвото што презема чија вкупна номинална вредност изнесува 17.400,00 евра, зголемен за вкупната номинална вредност на уделот на содружникот во друштвото што се присоединува, во износ од 413.200,00 денари или 5,000,00 евра претставен како непаричен влог;
- Нема промена на називот и организационата правна форма на друштвото што презема;
- Нема промена на органот на управување на друштвото што презема.

Во согласност со одредбите од чл. 522, ст. 2, спогодбата со сите нејзини прилози – составен дел на истата, се јавно достапни, а истите, со оглед дека во двете друштва има ист сопственик – единствен содружник, не е потребно да подлежат на увид, односно, не постојат други подробности неопходни за објава во ова известување, во смисла на цитираната одредба.

Предметното известување јавно се објавува во Службен Весник на РСМ и во еден дневен весник кој се издава на територијата на РСМ.

**Во Скопје, на 2.4.2020 г.**

Ова е место за вашите
**мали огласи**
купи,
продај,
барај,
најди...

По цена од само
**240 денари**
неделно

Информации на телефон
**389 02 55 11 763**

• **СЕ ПРОДАВА** нива с.Стајковци 1000 м², 500 м од центарот на селото од десна страна 2 ред. Цена 20 евра квадрат.
✆ **070/206-997**

• **КУПУВАМ** стан до 45 м², до втори-трети кат по можност да има лифт, во реон Ѓорче Петров, Влае, Хром.
✆ **070/230-326**

• **СЕ ИЗДАВА** деловен простор од 25м² во близина на Железничка станица, Гевгелија. Погоден за канцеларија или студио.
✆ **078/625-509**

• **СЕ ПРОДАВА** стан од 45м² во строг центар на Гевгелија, со поглед на плоштад. ✆ **078/625-509**

• **ПРОДАВАМ** куќа во населба Карпош 1 (позади БУГАТИ спроти хотел „Монако") ул.Беджих Сметана бр.8 плац 330 м², станбена површина 330м², 165 м² по спрат. Цена 297.000 евра. ✆ **070/206-997**

• **СЕ ПРОДАВААТ** два прага (лев и десен) за Пунто 2. Чичка нови! Цена: 100 евра.
✆ **070 328 932**

• **СЕ ПРОДАВА** телевизор Sony KDL40 NX700 BRAVIA LED висока класа на SONY, купен од „Телеком" 98.000.00 ден. со 5 год. гаранција. Гаранцијата е завршена! Екранот е заштитен со стакло. Цена 23.000 денари.
✆ **070/206-997**

• **ИТНО! ПРОДАВАМ** нов лежај (190X80) со можност за отварање (190X160). Лежајот е со модерен дизајн во бела боја, погоден за детска соба или мал простор.
✆ **070 464 597 (после 17 часот)**

• **СЕ ПРОДАВА** атрактивен плац во Струмица со маркица за градење, во месноста викана Берлик (во непосредна близина на транзитниот пат). Цена:55 000 ЕУР Површина: 1035 m².
✆ **072 443 884**

• **ИЗРАБОТУВАМЕ** шибер кујни, детски комоди, плакари и сè останато од мебел.
✆ **077/709-624**






Врз основа на член 110, 114, 166, 172, 173, 174, 175 и 176 од Законот за високото образование, член 22, став 1, точка 1 и член 23, став 1 од Законот за работни односи и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки

## УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"- ШТИП
**Распишува**
## КОНКУРС
## за избор на наставник на единица во состав на Универзитетот

1. ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ

1.1 Наставник во сите звања за наставно-научната област:

**- Пејсажна архитектура (20116) - (1 извршител)**

**Критериуми за избор:**

- во наставно-научно звање доцент може да биде избрано лице кое: 1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус, 2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, 3. има објавени најмалку четири научни трудова во референтна научна публикација согласно со овој закон во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор, 4. има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа и 5. има способност за изведување на високообразовна дејност. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и посебните услови од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

- во наставно-научно звање вонреден професор може да биде избрано лице кое: 1.има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус, 2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, 3. има објавени најмалку пет рецензирани научни трудова во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор, 4. било претходно избрано во наставно-научно звање доцент и 5. има способност за изведување на високообразовна дејност. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и посебните услови од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

- во наставно-научно звање редовен професор може да биде избрано лице кое: 1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус, 2. има научен степен доктор на науки од соодветната област, 3. има објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со Законот за високото образование во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор, 4. да бил претходно избран во звање вонреден професор и 5. има способност за изведување на високообразовна дејност. Кандидатите треба да ги исполнуваат и општите услови пропишани со Законот за работни односи и посебните услови од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

- На лицата кои имаат засновап работен однос пред стапувањето во сила на Законот за високо образование („Сл. весник на РМ" бр. 82 од 8.5.2018) како доцент, вонреден професор, асистент, асистент докторант или помлад асистент на некој од универзитетите во Република Македонија, нема да се применуваат условите под точка 1. (за избор во вонреден и редовен професор) при нивниот избор во исто или повисоко наставно-научно звање, односно наставно-стручно звање.

- Доцент и вонреден професор на факултет, односно уметничка академија се избираат за време од пет години, а засноваат работен однос на неопределено време. Редовен професор на факултет, односно уметничка академија со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно.

- Распоред на работно време и плата:

- Дневно работно време со почеток помеѓу 7:30 и 08:30 и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

- Неделно работно време-40 работни часа (од понеделник до петок)

- Основна нето плата за: Доцент-38.143,00 ден.; Вонреден професор-43.660,00 ден.; Редовен професор-50.311,00 ден;

**Потребни документи за кандидатите за избор во наставно-научни звања:**

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование-за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
- дипломи за завршен прв и втор циклус на студии
- уверение за положени испити на прв и втор циклус на студии
- странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оцените
- кратка биографија (во четири примероци);
- список на објавени научни и стручни трудови
- по еден примерок од трудовите;
- потврда дека се служи со еден странски јазик
- препорака од најмалку 2 (два) професора (вонреден/редовен) од соодветната научна област за која се врши изборот- за кандидатите за избор во доцент;
- препорака од претходниот работодавач (доколку кандидатот бил вработен)- за кандидатите за избор во доцент;
- еден примерок од докторскиот труд;
- уверение за државјанство;

Конкурсот трае 8 работни дена од денот на објавувањето.

Изборот ќе се изврши во рокот предвиден во член 172 од Законот за високото образование (до 6 месеци од денот на објавувањето на конкурсот).

Документите се доставуваат до архивата на:

1. Факултет за природни и технички науки - ул. „Гоце Делчев" бр. 89, Штип, тел. 032 550-550.


## ОБЈАВЕТЕ НЕКРОЛОГ СЕГА – ПЛАТЕТЕ КОГА ЌЕ МОЖЕТЕ

Со оглед на ситуацијата со Ковид-19, **Слободен печат** им излегува во пресрет на своите читатели кои не во можност да платат веднаш поради рестрикцијата на движење.

**ОБЈАВЕТЕ НЕКРОЛОГ СЕГА, А ПЛАТЕТЕ КОГА ЌЕ БИДЕТЕ ВО МОЖНОСТ.**

Сите жални вести, помени и последни поздрави можете да ги испратите на маилот: **office@pecat.mk** или на телефонот **072 229 255 (на Вибер)**, секој ден од 9 до 13ч.

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ СЕКОГАШ НА СТРАНАТА НА НАРОДОТ**





## НЕКРОЛОЗИ | Тел: (02) 55 11 763



### ЖАЛНА ВЕСТ

Во жалост и болка соопштуваме дека на 14.4.2020 година во 92. година од животот почина нашиот сакан сопруг, татко, свекор, дедо и прадедо

**ДРАГИША ДМИТРОВИЌ**
фармацевт-биохемичар
и ЈНА полковник во пензија
1.4.1929 Горни Милановац, Србија
14.4.2020 Скопје, Македонија

Посмртните останки ќе бидат изложени во капелата на Градските гробишта во Бутел во четврток 16.4.2020 година во 11.30 часот.

Ужалени: сопругата Благородна, синовите Зоран и Љубиша, снаат Виолета, внуките Марија и Јелена, правнукот Михаил



### ПОСЛЕДЕН ПОЗДРАВ

На нашиот драг пријател

**Проф. д-р ВЛАДИМИР СПАСОВ**
1944-2020

Почивај во мир.
Секогаш ќе се сеќаваме на тебе.

Жике, Иван и Илчо со семејствата


## НЕКРОЛОЗИ
**ЦЕНИ** НА ОБЈАВА ВО „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ"

- (4,25см x 7см) = **400 денари**
- (8,5см x 7см) = **1.000 денари**

**Доколку сакате некролот да излезе во утешниот број, ве молиме фотографиите и текстот да ни ги доставите најдоцна до 13 часот.**

Контакт-телефон: **(02) 55 11 763**

# СП. СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

Мозаик

Четврток 16 април 2020 |
Број 1936 | Година VII |






Individual Person with Significant Control details

PRINCE HENRY CHARLES ALBERT DAVID DUKE OF SUSSEX

UNITED KINGDOM

BRITISH

CANNON PLACE 78 CANNON STREET
LONDON
EC4N 6AP

**Без титула Неговото височество.**

## Документ откри кое име го користи принцот Хари по напуштањето на кралството

• Принцот Хари последниот ден од март официјално ги остави сите кралски и воени должности и заедно со сопругата повеќе не ги користат титулите Неговото/Нејзиното кралско височество.

Ним не им се одземени титулите, но повеќе нема да ги користат, бидејќи во иднина сами ќе заработуваат и нема да бидат претставници на кралицата Елизабета.

Многумина се прашуваа кое име и презиме сега ќе го користи принцот Хари, па британските новинари дошле и до тој податок.

Според „Дејли мејл“, во документот кој Хари неодамна го потпишал, се наведува дека тој сега се претставува како принц Хенри Чарлс Алберт Давид, војвода од Сасекс. Во подолгото име ја нема титулата XPX, ниту пак кралското презиме Монтбатен-Виндзор, кое го назначи кралицата Елизабета за своите потомци и кое го носи неговиот син Арчи.

**Сè помладо и помладо.**



## Кејт Бекинсејл си фати 24 години помладо момче

• Британската актерка Кејт Бекинсејл (46) важи за една од најатрактивните жени во Холивуд. Честопати е на удар на критики поради нејзината слабост - млади момчиња.

Овој пат новиот избраник на Кејт е музичарот Гуди Грејс (22), пишува „Дејли мејл“. Тие објавија видео на кое се држат за раце на прошетка, со коментар дека на актерката не ѝ пречи што нејзиното момче е врсник на нејзината ќерка.

Кога лани беше во врска со комичарот Пит Дејвидсон (26), Кејт беше критикувана дека не се однесува во склад со своите години. Но, актерката не се осврнува на тие коментари, па затоа по аферите со Дејвидсон, Мет Риф (23) и Џек Вајтхол (31), повторно има ново, младо момче.

Кејт беше во брак 12 години со режисерот Лен Вајсмен (47) од 2004 до 2016 година. Претходно, од нејзината осумгодишна врска со актерот Мајкл Шин (51) ја има ќерката Лили Мо.

**Држел миса и покрај забраната.**



## Од короновирус почина свештеникот што тврдеше дека Бог е поголем од вирусот

• Бискупот Џералд Глен, пастор и основач на Евангелистичката црква „Ново Спасение“ во Вирџинија, починал во саботата од компликации од заразата со коронавирус, соопшти во неделата неговата црква.

И покрај предупредувањата од американскиот Центар за контрола и превенција на болести (ЦДЦ), во кои се препорачува избегнување масовни собири и одржување социјална дистанца, Глен за време на проповедта на 22 март рекол дека „цврсто верува дека Бог е поголем од овој ужасен вирус“ и објавил дека не се плаши да умре. Следниот ден властите издадоа наредба со која се забрануваат сите јавни и приватни собири со 10 или повеќе лица. На 4 април ќерката на Глен објави видео во кое се вели дека нејзиниот татко и неговата сопруга Марсетија Глен биле позитивни.

Евангелистичката црква побара на својата страница на Фејсбук „да му се дозволи на семејството да тагува на свој начин“.

**Импровизирана венчавка ја трогна јавноста.**

# Лекари поради пандемијата ја откажале свадбата, па се венчале во болницата

**Двајцата лекари требало на 11 април да го изговорат судбоносното „да“, но кога коронавирусот ги принудил да ги одложат своите планови, колегите им ја оствариле желбата.**

Лекарот Мајкл Сан и неговата свршеница, исто така лекар, Шелун Цаи, мораle да ја откажат долго планирана голема венчавка поради пандемијата на коронавирусот.

Сепак, тие одлучиле да одржат мала церемонија во болницата во која двајцата работат.

Мајкл и Шелун ставиле маски, невестата ставила импровизиран вел, а на болничката количка поставиле натпис „Штотуку венчани“. Единствени гости на оваа необична венчавка биле нивните колеги, а семејството и пријателите ги следеле преку видеовпик.

Шелун рекла дека таа и Мајкл се свршиле во 2016 година, а големата венчавка требало да се одржи во Северна Каролина, минатата сабота.

- Колегите знаеја дека ја одложивме свадбата и кога дојдовме на работа во саботата, им открив дека планираниот датум е токму тој, 11 април. Одеднаш сите се вклучија, ми направија вел, импровизирана венчаница, па цвеќе од хартиени марамчиња и сите се обидоа да придонесат на некој начин. Подготовките почнаа во 8 часот наутро, по нејзината на пациентите, а тие ја подготвија венчавката - открила Шелун за емисијата „Добро утро, Америка“.



Така, на датумот на првично планираната церемонија, Шелун, која е гинеколог, го поканила својот свршеник, кој е психијатар, во Центарот за порагање Дјук.

Колегите дури им подготвиле и импровизиран свадбарски апартман, при што една медицинска сестра ја водела службата. Преку видеоповикот церемонијата ја следеле 12 членови на семејството и пријателите.

- Беше апсолутно неверојатно. Ние се грижиме за нашите пациенти секој ден и се радуваме што моите колеги ни покажаа дека се грижиме и едни за други. Тие се моето семејство. Беше навистина трогателно – со емоции зборувала Шелун.

Мајкл и Шелун планираат да ја легализираат венчавката во октомври.

**„Одеднаш сите се вклучија, ми направија вел, импровизирана венчаница, па цвеќе од хартиени марамчиња и сите се обидоа да придонесат на некој начин“, раскажала трогнатата Шелун.**





**Сопругот на Пинк.**




## Коронавирусот ѝ ги нападна белите дробови, тешко дишеше

• И покрај напорите што ги направи славната пејачка Пинк да не се вброи во листата на заразени од коронавирусот, сепак, таа и нејзиниот тригодишен син имаа ковид-19. Пинк за својата состојба отворено зборуваше и им ги кажа сите детали на своите фанови и следбеници на социјалните мрежи. Но околу тоа како навистина се чувствува Пинк, но и какви симптоми и проблеми имале таа и нејзиниот тригодишен син Џејмсон, јавно проговори и сопругот на Пинк, Кери Харт.

- Навистина беше тешко, бидејќи и двајцата беа многу болни. Дури мислам дека Џејмсон беше многу поболен отколку Пинк. Сепак и мојата сопруга се чувствуваше навистина лошо, а астмата што ја има, дополнително и ја комплицираше целата состојба. Болеста ѝ ги нападна белите дробови, па како последица на тоа имаше проблеми со дишењето – раскажал Харт.

Иако биле во самоизолација од почетокот на март, состојбата станала комплицирана кога Харт се вратил од патувањето од



Флорида.

- Се вратив дома и немав никакви симптоми, но по неколку денови од моето враќање, на син ми здравствената состојба почна да му се влошува. Го бањавме и по неколкупати дневно за да му ја намалиме температурата. Во тоа време и состојбата на Пинк стануваше сè посериозна – додал тој.

Дури по пет дена откако се разболеле, здравствената состојба почнала да им се подобрува и на двајцата.

Дали имаат или немаат коронавирус, тест направила само Пинк, но нејзиниот сопруг вели дека е убеден дека сите биле болни.

- Јас немав никакви симптоми, а ниту нашата ќерка. За жал, можеше да се тестира само мојата сопруга, но навистина сум убеден дека сите четворица имавме коронавирус – заклучил Харт.